# АРХИВСКИ ФОНДОВИ И ЗБИРКИ ВО ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОДДЕЛЕНИЕ ШТИП

Во Државниот архив на Република Македонија - Одделение Штип од основањето во 1956 година заклучно со 2005 година згрижени се 590 архивски фондови и збирки. Најстарите сочувани документи датираат од 1895 година - во пооделни фондови и збирки, а најновите документи датираат од 2004 година.

Богатството на фондови со кои располага Одделението даваат континурани податоци за организацијата на власта, управата и јавните служби за периодот 1914-2002 година. Сочувани се архивски фондови и документи за српската и бугарската управа во Македонија, како и фондови од периодот на НРМ, СРМ и Република Македонија.

Од областа на правосудството, судските фондови нудат податоци за периодот 1920-1990 година.

Сочуваните фондови од областа на просветата, културата и науката пружаат континуирани податоци за периодот од 1923 до 1990 година, при што најголемиот број фондови се од доменот на просветата.

Фондовите за социјалните и здравствените аспекти на живеење пружаат податоци за периодот од 1952 до 1999 година.

За стопанскиот живот на Штипскиот регион сочувани се најголем број фондови кои пружаат податоци за периодот 1921 до 2004 година.

Сочуваните фондови од сферата на општествено-политичкото живеење, политичките организации, друштва и здруженија пружаат податоци за периодот од 1944 до 1991 година.

Сочуван е солиден број на фондови за верските организации и верските аспекти на живеење за православното и муслиманското население кои пружаат податоци за периодот од 1905 до 1959 година.

Семејните и личните фондови даваат податоци за значајни настани и личности од Штипскиот регион за периодот од 1860 до 1957 година.

Во дополнувањето на Водичот на архивски фондови и збирки 1993-2005 година во Одделението Штип презентирани се податоци за 165 новопреземени архивски фондови.

Од сферата на управата и јавните служби презентирани се податоци за 96 новопреземени - архивски фондови.

Од областа на правосудството преземени се 2 нови фонда.

За просветните, културните и научните установи и организации презентирани се податоци за 8 нови фондови.

Презентирани се податоци за 2 новопреземени архивски фондови од доменот на социјалното и здравствено осигурување.

Од доменот на стопанството преземени се 33 архивски фондови.

Општествено-политичките партии, друштва и здруженија се застапени со 24 архивски фондови.

Со последната промена во територијалната надлежност на Одделението Штип во 2001 година, кога со Одлука на Архивот на Република Македонија, Собранието на општина Берово и Пехчево се преотстапени на Одделението Струмица. Со оваа територијална промена преостапени се следните архивски фондови на Одделението Струмица:

***1. (426) ГРАДСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - БЕРОВО ( 1944-1945);***

***2. (438) ГРАДСКИ НАРОДЕН ОДБОР - БЕРОВО (1946-1952);***

***3. (570). ГРАДСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ПЕХЧЕВО (1945-1955);***

***4. (437). МЕСТЕН НАРОДЕН ОДБОР - БЕРОВО (1945-1951);***

***5. (523) СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА БЕРОВО (1963-1990);***

***6. (449) СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА- БЕРОВО (1956-1990);***

***7. (457) СИЗ ЗА СТАНОВАЊЕ - БЕРОВО (1975-1990);***

***8. (458) СИЗ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ - БЕРОВО (1974-1991);***

***9. (504) ОСИЗ ЗА УТРИНИ И ПАСИШТА - БЕРОВО (1975-1978);***

***10. (521) СИЗ ЗА ЗДРАВСТВО И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ - БЕРОВО (1974-1990);***

***11. (509) ГИМНАЗИЈА АЦО РУСКОВСКИ - БЕРОВО (1929-1961);***

***12. (501). ОКОЛИСКИ КОМИТЕТ НА КПМ - БЕРОВО (1945-1952);***

***13. (466) ОПШТИНСКИ КОМИТЕТ - БЕРОВО (1954-1989);***

***14. (442) ОПШТИНСКИ КОМИТЕТ НА СКМ - ПЕХЧЕВО (1955-1965);***

***15. (475) СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА - БЕРОВО (1955/1978-1990);***

***16. (471) ССРНМ - БЕРОВО (1970-1990).***

Цитираните фондови се заведени во Регистарот на архивски фондови на Одделението Штип со соодветни броеви и затоа редниот број на фондовите и бројот на фондот се разликуваат за 16 броеви (тоа се фондовите кои ги даваме во прилог и ќе бидат прикажани во дополната на Водичот на Одделението Струмица).

# ОБЈАСНУВАЊЕ И ТОЛКУВАЊЕ НА ЗНАЦИТЕ И КРАТЕНКИТЕ

Водичот на архивски фондови и збирки дава основни податоци за архивите и за архивските фондови што се чуваат во нив.

Податоците за архивските фондови и збирки, дадени се за секој архив посебно.

Пред наведувањето податоци за архивските фондови и збирки на еден архив, дадена е кратка белешка, која по правило содржи основни податоци за Архивот (назив и адреса, време на основањето, развиток, организациска структура, територијална и стварна надлежност, можност за давање технички услуги, услуги во читалната, работно време и сл.), потоа за бројот на архивските фондови и збирки и за општата карактеристика на архивската граѓа, за информативните средства, каталозите и сл.

Податоците што се даваат за секој архивски фонд се состојат од седум елементи:

1. Реден број на архивскиот фонд или збирка;
2. Назив на архивскиот фонд или збирка;
3. Место (седиште) на фондообразувателот (имател на фондот);
4. Распон на годините на постоењето на фондообразувателот;
5. Распон на годините на архивската граѓа од фондот или збирката;
6. Количеството архивска граѓа и
7. Среденост на архивскиот фонд или збирка (информативни средства).

Кај семејните и личните фондови и збирки, некои од овие елементи не се застапени (под бр. 3 и 4).

Податоците за сите архивски фондови и збирки, содржински и графички се оформени според единствени правила, според кои е подготвена публикацијата.

## 1. Реден број на архивскиот фонд или збирка

Сите архивски фондови и збирки во рамките на еден архив се нумерирани со непрекината низа арапски броеви, почнувајќи од број 1.

Заедно со арапскиот број, кој го означува Државниот архив на Република Македонија - Одделението (бројки од 1 до 10), и редниот број на архивскиот фонд или збирка е употребен во индексите како сигнатура за пронаоѓање на бараниот архивски фонд или збирка во водичот. На пример: 2. 135 = (2. Историски архив Битола, архивски фонд под бр. 135) или 2. 616 (2. Архив на Македонија - Подрачно одделение - Битола, архивски фонд под број 616) итн.

## 2. Назив на архивскиот фонд или збирка

За назив на архивскиот фонд е земен последниот назив на фондообразователот (имателот). Во случај кога архивскиот фонд е познат по некој поранешен назив, даден е и тој назив.

Називите на архивските фондови, незвисно од тоа дали оригиналниот назив бил на некој друг јазик, се дадени на македонски јазик со големи букви:

ОПШТИНСКА УПРАВА - РАДОВИШ

За скратување на текстот при наведување истородни фондови, тие се наведуваат под заеднички назив (СЕЛСКИ РАБОТНИ ЗАДРУГИ). Под заедничкиот назив е наведен само делот од називот на архивскиот фонд што не е опфатен со заедничкиот назив како и местото/седиштето на фондообразователот. Секој фонд се наведува во нов ред:

СЕЛСКИ РАБОТНИ ЗАДРУГИ

„СТОЈАН МИНЧЕВ" - АЛИНЦИ
„ЛАЗАР КОЛИШЕВСКИ" - БЕЛЧЕ
„ЃОРЃИ СУГАРЕВ" - ВАШАРЕЈЦА...

**3. Место-седиште на фондообразователот**

Местото-седиштето на фондообразователот, независно од поранешните називи, се наведува со сегашниот назив, на македонски јазик. Називот на местото е напишан со големи букви, а од називот на архивскиот фонд е одвоен со цртичка:

ОПШТИНСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ВИНИЦА

**4. Распон на годините на постоење на фондообразователот**

Распонот на годините на фондообразователот е наведен во заграда, по називот и местото/седиштето на фондообразователот:

НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНА БУКОВО (1952-1955)

Ако фондообразователот сеуште постои и дејствува, завршната година на неговото постоење не се прикажува:

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ (1962- )

Во случај кога годините на постоењето не се со сигурност утврдени, наместо година се става прашалник (?-1957) или (1947-?)

По распонот на годините на фондообразователот, се става интерпукцискиот знак точка и запирка (;).

**5. Распон на годините на архивската граѓа
на фондот или збирката**

Податокот за распон на годините на архивската граѓа на фондот или збирка се наведува по податокот за распон на годините на фондообразователот:

НАРОДЕН ОДБОР НА БИТОЛСКА ОКОЛИЈА - БИТОЛА

(1944-1965); 1944/1965:

Нецелосната сочуваност на граѓа на фондот се изразува на следните начини:

- Кога недостасуваат почетната или завршната години на граѓата од архивскиот фонд:

ФИНАНСИСКА УПРАВА - ПРИЛЕП (1869-1912); 1882-1910

- Кога недостасуваат одделни години во рамките на распонот на годините:

СЕЛСКА РАБОТНА ЗАДРУГА - ДИМОНЦЕ (1949-1953); 1949, 1951/1953:

- Кога архивската граѓа на фондот не е потполно сочувана:

ИСТРАЖЕН СУД - ТЕТОВО (1941-1944); 1942/1944:

За семејните и личните архивски фондови се наведува само распонот на годините на граѓата.

ВЛАХОВ ДИМИТАР 1908/1950:

Кај архивските збирки во распонот на годините на граѓата се наведува периодот кога граѓата настанала на кој таа се однесува, а не периодот кога е формирана збирката:

ЗБИРКА ФЕРМАНИ: 1646/1859:

По податокот за распонот на граничните години на архивскат граѓа на фондот или збирка, се става интерпукцискиот знак две точки (:).

**6. Количество на архивската граѓа**

Податоците за количеството архивска граѓа се наведуваат по податоците за распонот на годините на граѓата на фондот или збирка.

**Количеството** се изразува во број на книги, папки и пакети:

кн. = книга
кут. = кутија

Помеѓу податокот за бројот на одделните технички заштитни единици, се става интерпукцискиот знак запирка (,), а на крајот точка и запирка (;):

ОКОЛИСКА УПРАВА - ГАЛИЧНИК (1915-1918); 1915/1918: кн. 3, кут. 6;

Под податокот за бројот на техничките заштитни единици, се наведува и податокот за количеството граѓа, изразен во должински метри. По овој податок се става интерпукцискиот знак точка (.):

ОПШТИНСКА УПРАВА - ОРАХ (1915-1918);
1915/1918: кн. 3, кут. 1; 0,2.

Податоците за количеството граѓа во архивските збирки се даваат во такви единици мерки, кои одговараат на специфичните видови на граѓата во збирките:

ЗБИРКА ГЕОГРАФСКИ КАРТИ, 1023 карти

**7. Среденост на архивскиот фонд или збирка (информативни средства)**

Во случај кога архивскиот фонд или збирка е во несредена состојба и не може да се користи за научни и други потреби, се наведува констатацијата „несреден" односно „несредена":

ОПШТИНСКА УПРАВА - СКОПЈЕ (1869-1912); 1869/1912;
кн. 59, кут. 43; 6,1. Несреден.

Меѓутоа, доколку граѓата на архивскиот фонд или збирка е до одредена мера средена и може да се користи, се наведуваат податоци за средените делови од фондовите/збирките.

За средените и обработените архивски фондови и збирки, за кои во Државниот Архив на Република Македонија се изработени научно-информативни средства (и евиденции што можат да послужат како извор на информации на граѓата), се даваат податоци за тие средства. Податоците се состојат од назив на научно-информативното средство. Најчесто застапените евидентни и научно-информативни средства, наместо нивните целосни називи, се прикажани со следните кратенки:

СИ - сумарен инвентар
АИ - аналитички инвентар
ОП - опис и попис
а.е. - архивски единици
НИС - научно-информативно средство изразено во број на страници напишани на машина.

Содржинските информации што ќе се прикажуваат за фондовите, покрај споменатите кратенки, ќе се однесуваат на историските белешки, регистрите, списоците, информациите, анализите, прегледите и сл, според разни теми.

Ако за еден архивски фонд се изработени повеќе видови информативни средства, помеѓу нив се става интерпукциски знак „точка и запирка" ( **;** ):

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРГОВИЈА И СНАБДУВАЊЕ - СКОПЈЕ

- (1945-1951); 1945-1951: кн.90, кут. 161; 17,9. СИ; Р.

КОСТУРСКИ РЕВОЛУЦИОНЕРЕН РЕОН - КОСТУР
( - 1908); 1900/1903: кут.1; 0,1. АИ.

Податоците за средeноста на фондот и за научно-информативните средства се приклучуваат по податокот за количеството на архивската граѓа.

**8. Структура на водичот**
**на архивските фондови и збирки**

Водичот на архивските фондови и збирки на Државниот Архив на Република Македонија - Одделение Скопје има три дела:

А. архивски фондови (освен семејните и личните);
Б. семејни и лични фондови и
В. збирки

Архивските фондови и збирки се групирани според гранката на дејноста, групи/подгрупи и периоди, а во согласност со класификациската шема, која служи како основа за распределување на архивските фондови.

Класификациската шема е од структурно-хиерархиски тип, со примена на децимален систем. Се состои од: а) назив на дејноста, групата и подгрупата во гранките и периодот и б) ознаки со букви и бројки (симболи), со кои називите се континуирано претставени.

На корисниците на публикацијата им се препорачува пред да пристапат кон барање податоци за архивските фондови и збирки, да ја проучат класификациската шема односно принципите и критериумите врз основа кои е извршено распределување на архивските фондови и збирки и е воспоставен нивниот поредок во водичот.

Водичот на „Архивски фондови и збирки 1993-2005“ ја прикажува состојбата на фондовите и збирките заклучно со 2005 година.

# КЛАСИФИКАЦИСКА ШЕМА

## А. АРХИВСКИ ФОНДОВИ НА ДРЖАВНИ ОРГАНИ, УСТАНОВИ, ЗДРУЖЕНИЈА, ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

### 1. УПРАВА И ЈАВНИ СЛУЖБИ

1.2. Архивски фондови до 1918.
1.3. Архивски фондови 1918-1941.
1.4. Архивски фондови 1941-1944.
1.4.1. Народноослободителни органи
1.4.2. Окупаторски и квислиншки органи
1.5. Архивски фондови по 1944.
1.6. Локална самоуправа

Внатре во периодите, фондовите се наведуваат по редослед на нивните територијални и вистински надлежности (од повисоки кон пониски). Архивските фондови од ист ранг се наведуваат по азбучен редослед на местото-седиштето на фондообразователот.

### 2. ПРАВОСУДСТВО

2.1. Период до 1944 г. и
2.2. Период по 1944 г.

Внатре во овие периоди, нивниот редослед е одреден по ранг, а во рамките на еднаков ранг - по азбучен редослед на називите на место-седиштето на фондообразователот.

### 3. ВОЕНИ ЕДИНИЦИ, УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ

3.1. Период до 1944
3.2. Период по 1944
3.2.1. Народноослободителни единици, установи и организации
3.2.2. Окупаторски единици, установи и организации.

Внатре во периодите (и подгрупите) редоследот е одреден по ранг, односно според организациската структура на војската.

### 4. ПРОСВЕТНИ, КУЛТУРНИ И НАУЧНИ УСТАНОВИ И ОРГАНИЗАЦИИ

4.1. Просветни установи и организации

4.2. Културни установи и организации
4.3. Научни установи и организации

Внатре во подгрупите, редоследот на архивските фондови е одреден според видовите на установите и рангот, а во рамките на рангот - по азбучен редослед на називите на местата-седиштата на фондообразователите.

## 5. СОЦИЈАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

5.1. Социјални установи
5.2. Здравствени установи

Внатре во подгрупите редоследот и архивските фондови е одреден според видовите на установите и рангот, а во рамките на еднаков ранг - по азбучен редослед на називите на местото-седиштето на фондообразователите.

## 6. СТОПАНСТВО И БАНКАРСТВО

6.1. Период до 1944 г.

6.1.1. Банки и парични заводи
6.1.2. Стопански здруженија
6.1.3. Стопански претпријатија
6.1.3.1. Индустрија и рударство
6.1.3.2. Земјоделие и шумарство
6.1.3.3. Трговија, угостителство и туризам
6.1.3.4. Сообраќај
6.1.3.5. Останати
6.1.4. Занаетчиство
6.1.5. Задруги
6.1.6. Останато

6.2. Период по 1944

6.2.1. Банки и парични заводи
6.2.2. Стопански здруженија
6.2.3. Стопански претпријатија
6.2.3.1. Индустрија и рударство
6.2.3.2. Земјоделие и шумарство
6.2.3.3. Трговија, угостителство и туризам
6.2.3.4. Сообраќај
6.2.3.5. Останати
6.2.4. Занаетчиство
6.2.5. Задруги
6.2.6. Останато

Внатре во групите и во подгрупите редоследот на архивските фондови е одреден по азбучен редослед на називите на местата-седиштата на фондообразователите.

## 7. ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИИ, ДРУШТВА И ЗДРУЖЕНИЈА

7.1. Политички и општествено-политички организации
7.1.1. Напредни политички и општествено-политички организации
7.1.2. Граѓански и други
7.2. Сталешки корпорации
7.3. Хуманитарни друштва
7.4. Културно-просветни друштва
7.5. Уметнички друштва и здруженија
7.6. Спортски друштва и здруженија
7.7. Останато
7.8. Невладини организации

Редоследот на архивските фондови внатре во подгрупите е одреден по видови и ранг, а потоа по азбучен редослед на називите на местата-седиштата на фондообразователите.

## 8. ВЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

8.1. Источна православна црква
8.1.1. Грчка црква во Македонија
8.1.2. Бугарска егзархија во Македонија
8.1.3. Српска православна црква во Македонија
8.1.4. Македонска православна црква
8.2. Исламска верска заедница во Македонија
8.3. Евангелистичко-методистичка црква.

Во рамките на подгрупите редоследот на архивските фондови е одреден според рангот, а во рамките на истиот ранг - по азбучен редослед на називите на местата-седиштата на фондообразователите.

## 9. ОСТАНАТО

## Б. СЕМЕЈНИ И ЛИЧНИ ФОНДОВИ

1. Семејни фондови
2. Лични фондови

Архивските фондови се наведени по азбучен редослед на презимињата на фондообразувачите на семејните и лични фондови.

## В. ЗБИРКИ

# ИСТОРИЈАТ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОДДЕЛЕНИЕ ШТИП

Државен архив на Република Македонија - Одделение Штип, ул.„Сане Ѓорѓиев“ бр. 35, тел. 032/ 391-337; факс 032/391-337, работи од понеделник до петок 8,00 - 16,00 часот.

Одделението Штип располага со читална во која има услови за користење на архивската граѓа и библиотечен материјал од корисниците секој работен ден од 8,30 до 15 часот.

За потребите на корисниците се врши ксерокскопирање на архивска граѓа.

Првите почетоци за собирање на архивската граѓа во Штип, датираат уште од 1951 година, кога Министерството за просвета, наука и култура на НРМ со Решение број 4090 било формирано архивско средиште за собирање на архивска граѓа и документарен материјал.

Прашањето за организационен пристап за заштита на документарниот материјал и архивската граѓа за првпат беше поставено на седница на Народниот одбор на Градската општина Штип на 12 мај 1953 година на која е формирана Комисија за констатирање на состојбите и условите во кои се чува и заштитува истиот.

На 11 јули 1956 година со Решение бр. 7133/1 на Народниот одбор на Штипска околија е основан ДРЖАВЕН АРХИВ ЗА ШТИПСКА ОКОЛИЈА со седиште во Штип. Со овој назив Архивот работи до 24 август 1963 година, кога со Решение на основачот извршено е преименување во ИСТОРИСКИ АРХИВ - ШТИП.

Со околиска надлежност Историски архив работи до 1965 година, кога со административно-територијалната поделба се укинуваат околиите и по добиената согласност од Собранијата на општините: Берово, Виница, Делчево, Кочани, Пробиштип, Свети Николе и Штип, Собранието на општина Штип, во својство на основач, донесе решение бр.01-9737/1 од 8 и 9 октомври 1965 година со кое Историскиот архив Штип продолжи да функционира како меѓу-општинска институција за наведените општини.

Како правен субјект Архивот е запишан во Судскиот регистар на Окружниот стопански суд во Штип, со Решение за упис, рег.бр. 14/1 св. од 9.04.1966 година.

На 16.06.1966 година Собранието на општина Радовиш со Решение бр.01-3608 прифати сооснивачко право и обврска над Архивот на град Штип.

Со Законот за архивска граѓа („Сл.весник на СРМ“ бр.36/90) Историски архив за општините Берово, Виница, Делчево, Кочани, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе и Штип се трансформира во Подрачно одделение, како организациона единица на единствената управна организација АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА без промени во територијалната надлежност, а од 2001 година како Одделение на Државниот архив на Република Македонија.

Последна промена во територијалната надлежност на Одделението Штип настанува во 2001 година, кога со Одлука на Архивот на Република Македонија, Собранието на општина Берово и Пехчево се преотстапени на Одделението Струмица.

Во првите денови, по основањето, Архивот работи во зградата на Пионерски дом, сместен во 3 простории од 48 м² од кои две за депо и една за канцеларија.

Во 1959 година Архивот се пресели во зградата на училиштето „Никола Нехтенин", каде користеше две простории за канцеларии, а за депо се користеше просторија во црквата „Свети Илија".

Во 1960 година Архивот се премести во новоизградената судска зграда, во три приземни простории, од кои две се работни, а една за сместување на обработените фондови, со вкупна површина од 48 м².

По укинувањето на околиите во 1965 година, Архивот е сместен во зградата на Народната милиција, каде условите за работа и заштита на архивската граѓа беа подобрени, но не и целосно решени.

Во 1976 година Архивот е преместен во новоизградена наменска зграда со површина од 1193,65 м², од кои 600 м² за заштита на архивската граѓа - депоа опремени со 47 рафтови - 2000 полици.

Внатрешната организациона поставеност на Архивот во периодот од 1956 до 1965 година не беше регулирана со посебен акт на Работната заедница, ниту со акт на Основачот. Во 1959 година се воведе Надворешна служба, а од 1960 година е формирано Одделение за класификација и систематизација на архивска граѓа. Со Правилникот за работа и организација на Архивот од 1966 година утврдена е следната организациона поставеност:

- Група за истражување и заштита на архивски материјали;
- Група за средување и обработка на архивска граѓа и
- Општ сектор.

Од 1991 година Одделението Штип организационо е поставено во состав на Државниот архив на Република Македонија и се состои од:

- раководител на Одделението;
- Одделение за инспекциски надзор;
- Одделение за заштита на архивска граѓа кај имателите и средување и обработка на архивска граѓа;
- Одделение за заштита на архивската граѓа - депо со информативна служба;
- Одделение за општи работи.

Архивската граѓа е пишувана на турски, српски и бугарски јазик, а по 1944 година на македонски јазик.

Најстарите документи што се среќаваат во фондовите и збирките во ова подрачно одделение потекнуваат од 1895 година, потоа граѓа од почетокот на 20 век, но најглавен дел е граѓата што е создадена по 1944 година.

Позначајни фондови со кои располага Одделението се:

- фондовите за народноослободителните одбори - областен, околиски, градски, општински и месни ( 1944-1960);
- судските фондови (1920-1990);
- „Народен театар - Штип" (1923-1973) и
- фондовите за политичките организации, здруженија и друштва (1944-1990).

Најзначајните просветни фондови се: фондот „Реална гимназија - Штип" (1923-1940) и фондовите за средните и основните училишта.

Верските фондови се од Православната црква (1918-1948) - архиерејски намесништва, парохии, цркви и манастири и од Исламската верска заедница (1921-1946) - муфтиствата од Штип, Кочани и Радовиш.

Позначајни семејни фондови се: „Балванлиеви“ (1894-1957), „Карaѓозови“ (1918-1924) и „Хаџи Кимови“ (1900-1940).

Збирките се составени од биогарфии и мемоари на учесниците во НОВ од Штип (1939-1945), поткрепени со фотографии.

Приемот на архивска граѓа и документарниот материјал од имателите во Архивот се врши согласно Законот за архивска граѓа.

Средувањето и обработката на архивската граѓа и изработката на научно-информативните средства зазема значајно место во дејноста на Одделението.

Истражувачката дејност на архивска граѓа кај потенцијалните иматели е една од приоритетните задачи на Одделението.

Библиотеката е од затворен тип, бидејќи во истата доминира стручна литература.

Од посебно значење за Архивот е информирањето и користењето на архивската граѓа за научни и оперативни потреби. Се истражуваат фондовите на органите на управата, општествено-политичките организации, просветата, стопанството, културата , друштва, здружнија и мемоарската граѓа.

Како научно-информативни помагала за информирање на содржината на архивската граѓа, во соработка со Државниот архив на Република Македонија се издадени следните водичи:

- Водич низ архивските фондови во Архив Штип, Скопје 1977 година;
- Збирен водич низ архивските фондови во архивите на СР Македонија, Скопје 1980 година;
- Архивски фондови и збирки во СФРЈ, Белград 1982 година;
- Архивски фондови и збирки во Република Македонија, Скопје 1994 година.

Од депонираната мемоарска граѓа во Одделението издадена е книга - сеќавања на учесници во НОВ и Револуцијата „Штип и Штипско во 1941-1945“ година, Скопје 2001 година, книга 4.

# СРЕДЕНИ И ОБРАБОТЕНИ АРХИВСКИ ФОНДОВИ - ЗБИРКИ ОБЈАВЕНИ ВО ВОДИЧИТЕ ОД 1982 И 1994 ГОДИНА

## 1. УПРАВА И ЈАВНИ СЛУЖБИ

### 1.5. АРХИВСКИ ФОНДОВИ ОД 1944

***4. ОБЛАСТЕН НАРОДЕН ОДБОР - ШТИП (1949-1950); 1949-1950: кн. 57, кут. 8; 1,94. АИ а.е. 609, листови 2294, НИС 130 стр.***

*Историјат на фондообразувачот:*

Народното собрание на НРМ на 18 април 1949 година донесе Закон за поделба на територијата на НРМ на области. Според овој закон, Македонија е поделена на три области, и тоа: Скопска област со седиште во Скопје, Битолска област со седиште во Битола и Штипска област со седиште во Штип. Градот Скопје е одвоен од Скопската област и образува посебно административно-територијално подрачје. Штипската област ги опфаќа следниве околии: Штипска, Струмичка, Гевгелиска, Кавадаречка, Кочанска, Царевоселска (Делчевска), Беровска, Кратовска, Радовишка и Светиниколска, како и градовите Штип и Струмица.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за административно-територијална поделба на НРМ, донесен на 26 октомври 1949 година, извршени се одредени измени и дополнувања. Територијата на НРМ административно е поделена на области, околии, градови надвор од составот на околиите, градови во составот на околиите и на местата. Меѓу другите, и градот Штип е издвоен од административниот состав на истоимената околија и нејзиното подрачје.

Во текот на 1950 година Претседателството на Президиумот на Народното собрание во два наврати врши измени и дополнувања на Законот за административно-територијална поделба на Македонија, кога Штипската област опфаќа 10 околиски и 3 градски народни одбори: Беровска околија, Гевгелиска, Кавадаречка, Кочанска, Радовишка, Светиниколска, Струмичка, Титоввелешка, Царевоселска и Штипска и градовите Струмица, Титов Велес и Штип.

На 23.09.1950 година Президиумот на Народното собрание на НРМ донесува нов закон за административно-територијална поделба на НРМ со кој се укинуваат областите, а со тоа престануваат да функционираат и Обласните народни одбори меѓу кои и Обласниот народен одбор Штип.

Обласниот народен одбор - Штип првата конститутивна седница ја одржал на 30.05.1949 година, а последната на 30.04.1950 година.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Планови за работа, извештаи за работа, записници од Извршен одбор, организациони шеми, анализи, прегледи, списоци на наставници, вработени во одборот и на членови на Извршен одбор и сл., записнички книги од пленум и

извршен одбор, матични книги на вработените во областа и доверливи и строго доверливи деловодни протоколи.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *5. ТРЕТИ ОБЛАСТЕН НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - ШТИП (1944-1945); 1944-1945: кн. 1, кут. 3; 0,32. АИ а.е. 524, листови 804, НИС 52 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Третиот обласен народноослободителен одбор се основа со Решението на Президиумот на АСНОМ од 6 август 1944 година (с. Рамно - Кумановско) за поделба на Македонија на области, околии и општини. Во почетокот го носи називот Привремен Трети обласен народноослободителен одбор - Штип. Третиот обласен народноослободителен одбор ги опфаќа околиите: Штипска, Кочанска, Царевоселска, Беровска, Радовишка, Струмичка, Гевгелиска и Валандовска, градовите Штип и Струмица и 360 општински народноослободителни одбори.

Организационата поставеност на Третиот обласен народноослободителен одбор Штип опфаќа:

- Пленум;

- Извршен одбор, кој го сочинуваат Претседателството и началниците на одделите. Претседателството го сочинуваат претседател, двајца потпретседатели и секретар, кој раководи со целокупната работа и ја координира работата на сите оддели.

За поуспешно организирање и извршување на работите во Извршниот одбор се формираат Секретаријат и оддели: управен, судски, народно стопанство и економска обнова на земјата, индустрија и занаетчиство, техничко-соопштителен (сообраќаен), финансов оддел, социјална политика и народно здравје и просветен оддел. Со одделите раководеле прочелници избрани од Пленумот.

Третиот обласен народноослободителен одбор престанува да функционира со донесувањето на Уредбата за определување на бројот и територијалните подрачја на окрузите и околиите на 21 ноември 1945 година.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записници од седници на Извршниот одбор; извештаи за работата на одделите; списоци на персоналот во Третиот обласен НОО - Штип; барања за симнување и уништување на фашистички фотографии, обезбедување на војската и сиромашното население со храна и облека, доделување шеќер на муслиманското население за верскиот празник Курбан Бајрам, зголемување на цената на цигарите и др.; известувања за поправка на разрушени патишта и мостови, организирано собирање на текстилни и прехранбени производи за потребите на населението, планското снабдување со месо и колење на добиток.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## ОКОЛИСКИ НАРОДНИ ОДБОРИ
## (ОКОЛИСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНИ ОДБОРИ)

### *7. ОКОЛИСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - ДЕЛЧЕВО (ЦАРЕВО СЕЛО) (1944-1945); 1944-1945: кут. 1; 0,1. АИ а.е. 61, листови 104, НИС 6 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записник од одржана седница на Околискиот народноослободителен одбор; извештаи за работа; списоци на производители на земјоделски култури и доделена земја по Законот за аграрна реформа; известувања за задолжителен упис на децата во училиштата и потребниот инвентар за започнување на училиштата со работа, ангажирање на населението за успешно спроведување на сеидбата, културно-просветното издигнување на населението и одржување на аналфабетски курсеви во околијата, заповеди за назначување на учители во селата.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *8. ОКОЛИСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - КОЧАНИ (1944-1945); 1944-1945: кут. 3; 0,3. АИ а.е. 318, листови 680, НИС 40 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Седнични материјали од одржани седници на Извршниот одбор; извештаи; списоци на народноослободителните одбори во Кочанска околија; барања; заповеди за формирање на шумска стража; известувања; сведенија за бројот на изгорените куќи; наредби за мобилизација на населението и телеграми.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *9. ОКОЛИСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - РАДОВИШ (1944-1945); 1944-1945: кут. 1; 0,1. АИ а.е. 66, листови 265, НИС 4 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записници од седници на Околискиот НОО и Извршниот одбор; извештаи за работа; списоци на вработените; списоци на настраданите семејства од непријателот; списоци за прехрана на населението и списоци на материјали потребни за обнова на околијата.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *10. ОКОЛИСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - СВЕТИ НИКОЛЕ (1944-1945); 1944-1945: кут. 1; 0,1. АИ а.е. 50, листови 389, НИС 6 стр.*

*Содржински йодайоци за архивскаѿа ѓраѓа:*

Извештаи за извршената работа на одделите, началниците на одделите, работата на училиштето во с.Павлешенци; биланси на приходите и расходите на ОНОО; списоци на вработените во ОНОО и учителите, бројот на неписмените лица во Околијата, на лицата загинати и умрени во војната, децата-сираци чии родители загинале во војната и потребата за нивно социјално згрижување, колонистите од другите републики населени во Свети Николе и на уништени куќи во Свети Николе и селата. Акти за организација на работата во поверенствата и во Околискиот НОО.

*Архивскаѿа ѓраѓа е на македонски јазик.*

## *11. ОКОЛИСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - ШТИП (1944-1945); 1944-1945: куѿ. 1; 0,1. АИ а.е. 151, лисѿови 316, НИС 21 сѿр.*

*Исѿоријаѿ на фондообразоваѿелоѿ:*

Околиските народноослободителни одбори се основаат со Решението на Президиумот на АСНОМ од 06.08.1944 година (с. Рамно, Кумановско) за поделба на Македонија на области, околии и општини на територијата на Македонија. Покрај обласните народноослободителни одбори (4 одбори), се формираат и околиски народноослободителни одбори. На територијата што е под надлежност на Одделението Штип дејствуваат Околиските народноослободителни одбори Берово, Делчево (Царево Село), Кочани, Радовиш, Свети Николе и Штип.

На 22.02.1945 година Президиумот на АСНОМ донесе одлука за распишување избори за селски (градски и реонски) и околиски НОО во Федерална Македонија. На 31.03.1945 година Президиумот на АСНОМ донел правилници за устројството на околиските НОО.

Организационата поставеност на околиските НОО опфаќа:

- Пленум;

- Извршен одбор, кој го сочинуваат Претседателството и началниците на одделите; Претседателството го сочинуваат претседателот, потпретседателот и секретарот. Во Извршниот одбор се формираат Секретаријат и оддели: управен, судски, стопански, технички, соопштителен-сообраќаен, просветен, пропаганден, здравствен, социјален и административен. По преименувањето на Президиумот на АСНОМ во Президиум на Народното собрание и на АСНОМ во Народно собрание (16 април 1945) народноослободителните одбори го менуваат својот назив во народни одбори.

*(Исѿоријаѿоѿ се однесува за сиѿе околиски народноослободиѿелни одбори)*

*Содржински йодайоци за архивскаѿа ѓраѓа:*

Записници од седници на Извршниот одбор и Околискиот народноослободителен одбор - Штип; извештаи од работата на одделите; извештај за училишната мрежа во селата на Штипска околија и потребниот број на учители; извештај за изгорените села и семејства со број на нивните членови; списоци на вработените при Околиски народноослободителен одбор, членовите на Општинските народни одбори во селата: Радање, Горни Балван,

Драгоево, Селце, Пухче, Црешка и Пенуш со податоци за годината на раѓање, сите населени места во секоја општина со број на семејства и жители во Штипска околија; известувања за минираните мостови од окупаторот, промена на називи на улици, извршена мобилизација, формирање на комисија за преземање на имотот од граѓани пребегани во други земји, преземани мерки за намалување на неписменоста во околијата и др.; протоколи за примопредавање на материјали од бившото Околиско агрономство; соопштенија и наредби.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## ГРАДСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНИ ОДБОРИ

### *12. ГРАДСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - КОЧАНИ (1944-1945); 1944-1945: кут. 1; 0,1. АИ а.е. 73, листови 128, НИС 9 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Извештај за работата на Управниот оддел од 1944 година, списоци на милиционерите при ГНОО - Кочани, наставниците во основните училишта и нижата гимназија, политички работници од град Кочани, сточари и крупен добиток и на необезбедените фамилии на партизаните; наредби за забрана за коцкање, носење оружје и воведување на полициски час; наставен план на турските и албанските народни училишта; статистичко сведение за бројот на населението во Кочани и селата; разни објави за информирање на населението; махаленски свиделства за докажување на сопственост на недвижен имот и докажување на дата на раѓање.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *13. ГРАДСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - ШТИП (1944-1945); 1944-1945: кут. 1; 0,1. АИ а.е. 102, листови 206, НИС 16 стр.*

*Содржински податоци на архивската граѓа:*

Записници од состаноци на Градскиот народноослободителен одбор Штип; списоци на вработените во Градскиот народноослободителен одбор и првите одборници, ковачи и други занаетчии, резервни воени офицери на Воениот отсек во Штип, собрани материјали од маалските женски одбори, број на домаќинства и број на население во град Штип, предавачи во Гимназијата и др. Постојат податоци за снабдувањето на војската со храна и муниција, преглед на селските народноослободителни одбори со број на жители и семејства, протоколи за констатираните пљачки од окупаторските власти, давање на државни куќи под наем, преминување во државна сопственост на печатницата на Хиљадникови и куќи на лица кои доброволно заминале во Бугарија.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

# ОПШТИНСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНИ ОДБОРИ

## *15. ОПШТИНСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - ВИНИЦА (1944-1945); 1944-1945: куш. 1; 0,1. АИ а.е. 116, лисшови 364, НИС 9 сшр.*

*Содржински йодайоци за архивскаша граѓа:*

Записници и записничка книга од состаноци на Извршниот одбор; записници од заседанија на Општинскиот НОО и состаноци од Пленумот; списоци на членови на Општинскиот и на месните народни одбори во општината, занаетчии, домаќинства и жители од Виница, италијанските воени заробеници кои се наоѓаат на работа во Виница, индустриски претпријатија, убиени лица во периодот од 1941 до 1944 година, семејства кои имаат убиени членови во НОВ, сираци и инвалиди на кои им е потребна помош и за бројот на стоката и сточари; извештај за бројот на муслиманите во виничко; писмо за убиството на Ванчо Прке; спроведување на изборите; уверенија на лица на кои им се изгорени куќите од окупаторот и пријави - оптужби до истражната комисија за утврдување на направените штети од окупаторот.

*Архивскаша граѓа е на македонски јазик.*

## *18. ОПШТИНСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - РАДОВИШ (1944-1945); 1944-1945: куш. 1; 0,1. АИ а.е. 43, лисшови 155, НИС 6 сшр.*

*Исшоријаш на фондообразоваѿелоѿ:*

Градските (општински народноослободителни одбори) дејствуваат и работат во согласност со законските прописи за работа на околиските народноослободителни одбори, при што нивните надлежности се протегаат на територијата на градовите, односно општините.

Организационата поставеност на градските (општински) НОО е следна: Пленум, Извршен одбор, кој го сочинуваат Претседателството и началниците на одделите. Претседателството го сочинуваат претседателот, потпретседателот и секретарот. Во Извршниот одбор влегуваат и раководителите на одделите: управен, соопштителен-сообраќаен, стопански, пропагандно-просветен, социјално-здравствен, судски и административен оддел.
*(Историјатот се однесува за сите градски и општински народноослободителни одбори)*

*Содржински йодайоци за архивскаша граѓа:*

Извештај за организирање на одделите; списоци на вработените во ОНОО, персоналот во основното училиште во Радовиш и на семејствата на кои им се изгорени куќите; прегледи за видовите на такси, потрошената храна во реонот, данокот на земја и згради; лист за исплата на надници на лицата кои работеле во борбата за спречување на маларијата во општина Радовиш во 1944 г. и др.

*Архивскаша граѓа е на македонски јазик.*

# ОКОЛИСКИ НАРОДНИ ОДБОРИ

## *21. ОКОЛИСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ДЕЛЧЕВО (1945-1952); 1945-1952: кн. 110, кут. 12; 3,4. АИ а.е. 1203, листови 5101, НИС 163 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записници од седници на Пленумот и Извршниот одбор, меѓу кои и записник од конститутивната седница на Извршниот одбор одржана на 01.12.1946 година; извештаи; планови; анализи; известувања за враќање на имоти одземени од бугарските власти; решенија за експропријација; годишни извештаи од основните училишта и списоци на колонисти во Војводина.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## *22. ОКОЛИСКИ НАРОДЕН ОДБОР - КОЧАНИ (1945-1952); 1945-1952: кн. 79, кут. 13; 2,88. АИ а.е. 2342, листови 6389, НИС 413 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записници од седници на Околиски народен одбор и Извршниот одбор; планови за работа на одборот; извештаи за работата на одборот и одделите; наредби за штедење на електрична енергија и борба против маларијата; одлуки за формирање на претпријатија; решенија за поклон на земја и поделба на имот; списоци на вработените во одборот и училиштата во околијата и др.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## *23. ОКОЛИСКИ НАРОДЕН ОДБОР - РАДОВИШ (1945-1952); 1945-1952: кн. 87, кут. 18; 3,54. АИ а.е. 1854, листови 7680, НИС 230 стр.*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записници од седници на Пленумот и Извршниот одбор; организациони шеми; планови за работа на одборот и сеидбата; извештаи; прегледи за откупени производи и посеани површини; решенија; одлуки; списоци на лица на кои им е извршена конфискација на имот и др.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## *24. ОКОЛИСКИ НАРОДЕН ОДБОР - СВЕТИ НИКОЛЕ (1945-1952); 1945-1952: кн. 112, кут. 15; 3,74. АИ а.е. 1265, листови 6079, НИС 163 стр.*

*Историјат на фондообразувачот:*

Околиските Народни одбори ја започнуваат својата работа со донесување на Уредбата на Министерскиот совет на Федерална Македонија од 27 ноември 1945 година, со која се определува бројот на територијалните подрачја и седишта на Околиските и Месните Народни одбори.

На територијата која е под надлежност на ДАРМ - Одделение Штип, дејствувале пет Околиски Народни одбори и тоа Околиски Народен одбор Штип, Кочани, Делчево (Царево Село), Радовиш и Свети Николе.

Народните одбори, согласно Законот за народни одбори донесен од Народното Собрание на ФНРЈ на 25 мај 1946 година, се стекнуваат со статус на органи на државната власт од локално значење.

Организационата поставеност на Околиските Народни одбори, со соодветни измени е следната:

1. Извршен одбор кој раководи со поверенството за земјоделие, шумарство, трговија и снабдување, комунални работи, финансии, труд, просвета и култура, народно здравје, социјални грижи, локален сообраќај и поверенство за индустрија и рударство.
2. Секретаријатот, во чиј состав влегуваат персонален отсек, служба за евиденција, управен отсек, правна служба, катастарски отсек, воен отсек и служба за администрација.
3. Постојани комисии - контролна, планска, комисија за жалба и поплаки, по потреба се формирани времени комисии.
4. Собир на избирачите како највисок орган.

Околиските Народни одбори се трансформираат во 1952 година.
*(Историјатот се однесува за сите Околиски Народни одбори)*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записници од седници на Пленумот и Извршниот одбор; извештаи за работата на ОНО; планови и извештаи на училиштатата во Околијата; прегледи од извршена сеидба и пошумување; решенија за арондација; одлуки за формирање на претпријатија и др.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *25. ОКРУЖЕН (ОКОЛИСКИ) НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - ШТИП 1945; 1945: кут. 1; 0,1. АИ а.е. 109, листови 229, НИС 12 стр.*

*Историјат на фондообразователот:*

Според Законот за територијална поделба на Федерална Македонија на окрузи, донесен на 30 август 1945 година, Македонија е поделена на четири окрузи, меѓу кои е и Штипскиот округ. Во составот на Штипскиот округ влегуваат околиите: Беровска со 12 МНО, Кочанска со 31, Кратовска со 25, Радовишка со 29, Струмичка со 27, Царевоселска со 19 и Штипска со 29 месни народни одбори. Окружниот Народен одбор е непосредно надреден над Околиските Народни одбори на подрачјето што го опфаќа.

Со донесување на Уставот на НР Македонија, со член 89, во 1947 година се укинуваат Окружните Народни одбори.

*Содржински податоци на архивската граѓа:*

Записници од две седници на Окружниот Народноослободителен одбор (записниците се водени во записничката книга на Третиот Обастен народно-ослободителен одбор - Штип); правилник за организација на дејноста на началниците; протоколи на комисии за утврдување на состојбата во селата по

окупацијата; одлуки за давање заклетва на службениците; извештаи за извршената работа на началниците на одделите; известување за формирање на фонд за помош на изгорените села во Штипска околија; регулационен план за обнова на село Крупиште; извештај за експропријација и др.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *26. НАРОДЕН ОДБОР НА ОВЧЕПОЛСКА ОКОЛИЈА - ШТИП (1952-1955); 1947-1952: кн. 19, кут. 10; 1,38. АИ а.е. 1412, листови 3950, НИС 137 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Според Законот за територијална поделба на НРМ на околии, градови, градски општини и општини, донесен на 10 април 1952 година, Македонија е поделена на 18 околии, меѓу кои е и Овчеполска околија со седиште во Штип. Во територијална надлежност на Народниот одбор на Овчеполска околија - Штип влегуваат: Штипската градска општина Штип со селата Долани и Ново Село и Светиниколската градска општина со селата: Кнеже, Нова Мездра и Стара Мездра и Народните одбори на општините: Горобинци со 6 села, Драгоево со 12 села, Ерџелија со 12 села, Карбинци со 10 села, Крупиште со 6 села, Лакавица со 17 села, Немањица со 10 села, Радање со 21 село, Три Чешми со 11 села и Трооло со 10 села.

Во 1955 година е донесен Закон за подрачјата на околиите и општините во НРМ, со кој Овчеполска околија се припојува кон територијата на Штипска околија.

*Содржински податоци на архивската граѓа:*

Записници од одржани седници на Народниот одбор на Овчеполска околија; записници од седници на Околискиот собор, Соборот на производители и заеднички седници на двата собора; материјали од постојаните и повремените комисии при Народниот одбор; Статут на Народниот одбор; Правилник за работата на заедничките седници на соборите; Одлуки за назначување на претседатели и секретари; решенија за основање на занаетчиска, трговска и угостителска комора, формирање на инспекции, основање на Народен одбор во село Крупиште, турското училиште во село Аџирецеплија и македонски паралелки во с.Селце, отворање на земјоделски задруги, купопродажба на недвижен имот; формирање на индустриски претпријатија; материјали за економската положба на земјоделските задруги; прегледи на вработените во Околискиот Народен одбор и др.; решенија за внесување на земјишен фонд во селските работни задруги, реорганизација на СРЗ, доделување на земја на правни лица. Годишни извештаи за работата и успехот на основните училишта.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *27. ОКОЛИСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ШТИП (1945-1952); 1945-1952: кн. 62, кут. 13; 2,54. АИ а.е. 1770, листови 6834, НИС 271 стр.*

*Содржински йодайоци за архивскайа їраѓа:*

Организациони шеми; записници и записнички киниги од седници на Извршниот одбор и Пленумот; извештаи за работа на Одборот и на училиштата во Околијата; планови; анализи; статистички листови од училиштата; биланси; решенија; одлуки; списоци на бегалци од Егејска Македонија, борци од НОВ, бедни фамилии, вработените во сите сектори на Околискиот народен одбор, инвалиди, деца на паднати борци и др.

Книгите се деловодни протоколи и регистри.

Околискиот народен одбор Штип е конституиран на првата заедничка седница на Извршниот одбор и Пленумот одржана на 23.04.1945 год. во чиј состав влегуваат 50 одборници. Со донесувањето на законот за територијална поделба на НРМ од 21.11.1945 година одредена е територијата на која ќе делува Околискиот одбор. На седницата на Пленумот одржана на 05.12.1945 година усогласена е територијалната поставеност на ОНО. Во надлежност на одборот покрај Градскиот народен одбор Штип формирани се и 26 месни народни одбори, а при крајот на 1945 година бројот на месните народни одбори се зголемил на 33.

*Архивскайа їраѓа е на македонски јазик.*

## НАРОДНИ ОДБОРИ НА ОПШТИНИ

*Исйоријай на фондообразовайелой:*

Со Законот за подрачја на околиите и општините во НР Македонија донесен на 28 јули 1955 година, од страна на Народното Собрание на НР Македонија, настаната е нова територијална подалба на околиите и општините. На подрачјето кое го покрива ДАРМ - Одделение Штип, од постојните три околии (Овчеполска, Малешевска и Струмичка) формирана е една Штипска околија, со седиште на Народниот одбор во Штип. Во составот на Штипска околија влегуваат 18 општини, со населени места кои гравитираат кон општините. Со поделбата од јули 1957 година во Штипска околија се укинуваат општините Конче, Лакавица и Радање, а со Законот за менување на подрачјата донесен на 7 февруари 1962 година се укинуваат општините Босилово, Облешево и Џумајлија.

Организационата поставеност на Народните одбори на Општини е следната: Општински собор, Собор на производители и Заеднички собор; претседател, секретар, комисии, совети и управни органи.

Со донесувањето на Уставот на СР Македонија 1963 година настануваат теритиријални и ограницациони промени. Општините се уредуваат како општествено-политички заедници на граѓаните. Претставничко тело на Општината е Собранието. Со конституирање на Собранијата од 1 февруари 1965 година престануваат да функционираат Народните одбори на општините.

*(Исйоријайой на фондообразувайелой се однесува за сийе Народни одбори на Ойшйини)*

***29. ОПШТИНСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ВИНИЦА (1945-1952); 1945-1952: кут. 1; 0,1. АИ а.е. 164, листови 357, НИС 16 стр.***

***- НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНА - ВИНИЦА (1953-1963); 1953-1963: кн. 52, кут, 18; 2,84. АИ а.е 2194, листови 8257, НИС 325 стр.***

***30. НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНА - ДЕЛЧЕВО (1955-1963); 1953-1963: кн. 10, кут. 37; 3,9. АИ а.е. 6877, листови 20186, НИС 640 стр.***

***31. НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНА - КОЧАНИ (1955-1963); 1955-1963: кн. 37, кут. 53; 6.04. АИ а.е. 7509, листови 29575, НИС 980 стр.***

***33. НАРОДЕН ОДБОР ОПШТИНА - ПРОБИШТИП (1955-1963); 1955-1963: кн. 21, кут. 28; 3,22. АИ а.е. 3644, листови 15594, НИС 501 стр.***

***34. НАРОДЕН ОДБОР ОПШТИНА - РАДОВИШ (1955-1963); 1955-1963: кн. 38, кут. 18; 2,56. АИ а.е. 2390, листови 11301, НИС 292 стр.***

***35. НАРОДЕН ОДБОР ОПШТИНА - СВЕТИ НИКОЛЕ (1955-1963); 1955-1963: кн. 87, кут. 11; 2,84. АИ а.е. 1554, листови 5845, НИС 311 стр.***

***36. НАРОДЕН ОДБОР ОПШТИНА - ШТИП (1955-1963); 1955-1963: кн. 36, кут. 72; 7,92. АИ а.е. 7500, листови 41294, НИС 660 стр.***

## НАРОДНИ ОДБОРИ НА СЕЛСКИ ОПШТИНИ

***42. ОПШТИНСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ДРАМЧЕ (1952-1955); 1952-1955: кн. 7, кут. 1; 0,24. АИ а.е. 21, листови 65, НИС 10 стр.***

(Подрачјето на Општински народен одбор - Драмче ги опфаќа селата: Вратиславци, Драмче, Киселица, Костин Дол и Селник)

***46. ОПШТИНСКИ НАРОДЕН ОДБОР - С. ИЊЕВО (1952-1955); 1952-1955: кн. 13, кут. 1; 0,36. АИ а.е. 83, листови 481, НИС 37 стр.***

(Подрачјето на Општински народен одбор - с. Ињево ги опфаќа селата: Бучим. Воиславци, Горна Враштица, Ињево, Погулево, Сулдурци и Тополница)

***49. МЕСТЕН НАРОДЕН ОДБОР - КОНЧЕ (1946-1952); 1946-1952: кн. 3, кут. 1; 0,16. АИ а.е. 42, листови 147, НИС 15 стр.***

***- НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНА КОНЧЕ (1952-1957); 1952-1957: кн. 26, кут. 1; 0,62. АИ а.е. 218, листови 603, НИС 69 стр.***

(Народниот одбор на општина Конче ги опфаќа селата: Габровци, Долно Липовик, Горно Липовик, Долни Радеш, Конче, Лубница, Негреновци и Ракитец)

***53. НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНА - ОБЛЕШЕВО (1945-1963); 1945-1962: кн. 53, куш. 8; 1,86. АИ а.е. 1872, лисшови 5924, НИС 297 сшр.***

(Во подрачјето на Народен одбор на општина Облешево влегуваат селата: Бања, Горни Подлог, Долни Подлог, Мојанци, Облешево, Спанчево, Тркање и Чифлик)

***57. ОПШТИНСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ТРАБОТИВИШТЕ (1952-1955); 1952-1955: кн. 10, куш. 1; 0,13. АИ а.е. 152, лисшови 747, НИС 18 сшр.***

(Општинскиот народен одбор - Работивиште ги опфаќа селата: Вирче, Нов Истевник, Панчарево, Разловци, Стар Истевник и Работивиште).

***59. ОПШТИНСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ТРООЛО (1944-1945); 1944-1945: куш. 3; 0,3. АИ а.е. 368, лисшови 114, НИС 32 сшр.***

(Во состав на Општинскиот народен одбор - Троолo влегуваат селата: Бучиште, Гајранци, Гујновци, Зарапинци, Куково, Лезово, Пестричино, Пуздерци, Стризовци и Трооло).

***61. НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНА ЏУМАЈЛИЈА - (1955-1962); 1955-1962: кн. 12, куш. 6; 0,84. АИ а.е. 1495, лисшови 3092, НИС 147 сшр.***

*Исшоријаш на фондообразовашелош:*

Врз основа на член 71 точка 11 од Уставниот закон за основањето на општественото и политичкото устројство и органите на власта на НРМ, прогласен е Законот за подрачјата на околиите и општините на НРМ, што го усвои Републичкиот собор на Народното собрание на НРМ на седницата одржана на 28 јули 1955 година. Со овој Закон е конституиран Народниот одбор на општина Џумајлија кој влегува во територијална надлежност на Штипска околија. Во подрачјето што го опфаќа Народниот одбор на општина Џумајлија влегуваат 13 населени места: Бикирлија, Горно Црнилиште, Ѓуземелци, Дорфулија, Долно Црнилиште, Каратманово, Коселери, Кишино, Милино, Сарамзалино, Аџибегово, Аџиматово и Џумајлија.

Седиштето на Народниот одбор на општината е во Џумајлија.

На првата конститутивна седница е избран претседател на Народниот одбор, одборникот од село Коселери - Мејдинов Мурат, а за потпретседател е избран одборникот Абедин Кадин од село Џумајлија.

Со Законот за менување на подрачјата на одделни општини во НРМ од 09.02.1962 година Народниот одбор на општина Џумајлија се укинува и се припојува кон подрачјето што го опфаќа општина Свети Николе.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записници од одржани собири на избирачи, седници на Народниот одбор, седници на Општинскиот собор и Соборот на производители и седници од разни комисии; решенија и одлуки за формирање на претпријатија и назначување управни одбори; решенија за национализација; извештаи за работата на Одборот; записници за арондација и за поклон на недвижен имот; списоци на узурпиран имот и сл.; деловодни протоколи.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## 2. ПРАВОСУДСТВО

### 2.1. АРХИВСКИ ФОНДОВИ ДО 1944

***128. СРЕСКИ ШЕРИЈАТСКИ СУД - ШТИП (1930-1940); 1930-1940: кут. 1; 0,1. АИ а.е. 16, листови 124, НИС 13 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Исламската верска заедница во различни временски периоди има различни органи на управување, некои опстојуваа од времето на турската управа во Македонија. Со Законот од 31 јануари 1930 и Уставот на Исламската верска заедница од 8 јули 1930 година како основни органи се потврдени Вакафската управа, Муфтиството, Околискиот шеријатски суд и Околиското вакафско-меарифско повееренство. Нивна основна задача беше решавање на верско-просветни и вакафско-имотни прашања. По завршувањето на Првата светска војна за својата работа индиректно му беа одговорни на Реисулематот со седиште во Сараево.

Околиското вакафско-меарифско повеенство е надзорен орган во управувањето со севкупниот имот што £ припаѓаше на Исламската верска заедница.

Околиското вакафско-меарифско повеенство е орган на верско-просветната и вакафско-имотната управа на Исламската верска заедница во околијата. Негово седиште и подрачје е територијата на околиската управна власт.

Околиското вакафско-меарифско повеенство во место со повеќе од 10.000 муслимани има седум члена, а во места со помалку муслимани пет члена.

Член на Околиското вакафско-меарифско повеенство и негов претседател е шеријатскиот судија на околијата, кого го одредува министерот за правда, а другите членови ги поставува Управниот одбор на Вакафско-меарифскиот совет. Во делокругот на работата на Околиското вакафско-меарифско повеенство спаѓаат водење на изборите за џематските меџлиси, надгледување на работата на џематските меџлиси во околијата, водење евиденција на вакафско-меарифскиот движен и недвижен имот, контрола на работата на сите органи, грижа за одржување и изградба на џамии и др.

*Архивската граѓа е на српски јазик.*

## 7. ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ, ДРУШТВА И ЗДРУЖЕНИЈА

### *360. (300) ТРЕТИ ОБЛАСТЕН КОМИТЕТ НА КПМ - ШТИП (1944-1945); 1944-1945: кут. 1; 0,1. АИ а.е. 24, листови 40, НИС 9 стр.*

*Историјат на фондообразователот:*

На 6 август 1944 година Президиумот на АСНОМ во с. Рамно-Кумановско донел решение по линија на власта Македонија да се подели на 4 области: Скопска, Битолска, Штипска и Кичевско-дебарска област. Во согласност со оваа поделба извршена е територијална поделба и по партиска линија - формирани се 4 обласни комитети на КПМ - Скопски, Битолски, Штипски и Кичевско-дебарски. Оваа поделба егзистира до 21 октомври 1944 година кога со решение на Президиумот на АСНОМ донесено во с.Горно Врановци - Велешко, по линија на власта и по партиска линија територијата на Македонија е поделена на три области: Скопска, Битолска и Штипска.

Во текот на јануари 1945 година Партијата организирала обласни партиски советувања. Првото партиско советување на Третата облст - Штип е одржано на 15 јануари 1945 година на кое се поднесени извештаи од сите околии во Областа по следните прашања: политичката состојба и најглавните политички струења; расположението кон народната власт и состојбата на одборите во НОФ и нивниот политички успех.

Во крајот на јануари 1945 година во Скопје е одржано Земско советување, на кое се укинати обласните комитети и на нивно место се основаат окружни комитети.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Извештаи за работата на комитетот, состојбата и работата на партиската организација по СКОЈ, НОМСМ, НОФ, АФЖ и НОО и финансиската состојба на Третиот Областен комитет на КПМ; шема на Третиот Областен комитет на КПМ; организационата и кадровска структура на партиската организација; список и карактеристики на членовите на КП на кои им е доделена „Споменица 1941“; списоци на лица за школување.

Во фондот се среќава податокот дека во целата Област има зачленето 887 членови на партија и 1850 членови на СКОЈ.

*Архивската граѓа е на македонски и српски јазик.*

### *361. (301) ОБЛАСТЕН КОМИТЕТ НА КПМ - ШТИП (1949-1950); 1949-1950: кн. 2, кут. 10; 1,04. АИ а.е. 1275, листови 4048, НИС 218 стр.*

*Историјат на фондообразователот:*

Со Законот за административно-територијална поделба од април 1949 година Македонија е поделена на три области - што е проследено и со поделба на партиска линија - на Скопска, Битолска и Штипска. Ваквата поделба по линија на власта и по партиска линија егзистира до 5 јуни 1950 година, кога со

нов закон за административно-територијална поделба Македонија повторно е поделена на околии и градови.

Обласниот комитет на КПМ - Штип е надлежен за Околиските комитети на КПМ во Штипската, Струмичката, Гевгелиската, Кавадаречката, Кочанската, Кратовската, Царевоселската, Радовишката, Беровската и Светиниколската околија и Градските комитети на КПМ во Штип и Струмица.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записник од Првата обласна конференција одржана на 29 и 30 мај 1949 година на која е избран составот на Обласниот комитет на КПМ Штип и Ревизионата комисија. Постојат записници од состаноци на Пленумот, Обласниот комитет, Бирото, состаноци со секретари на комитетите и поверениците, состаноци на активот, од советувања, Ревизионата комисија, Организационо-инструкторско одделение, Кадрово одделение, Оделение за агитација и пропаганда и Комисија за село.

Во Организационо-инструкторското одделение се среќаваат материјали со разни податоци од информативен карактер, организационата состојба на партијатата, политичката состојба и евиденцијата на партиските кадри. Постојат материјали (извештаи, планови, информации, анализи) за партиските избори и избори за народни пратеници и податоци за информбирото.

Во Кадрово одделение се среќаваат прегледи, предлози и списоци за кадри на Народен фронт, Народна младина, АФЖ, разни организации и установи и на партиските школи (средна и нижа партиска школа).

Одделението за агитација и пропаганда содржи планови, извештаи, анализи, напатствија за идеолошко-политичката работа, агитацијата за откупот на земјоделски производи, снабдување на потрошувачите, прослави на државни празници и годишнини од историски настани, описменувањето на населението, задолжителното школување на децата, учителскиот кадар во турските села со идеолошко-политичката работа меѓу турските учители, верските предрасуди, состојбата на училиштата, пионерската организација во турските села и друго. Се среќаваат разни анализи за културно-просветната работа во Областа и работата на културно-уметничките друштва и аналфабетската кампања.

Комисијата за село опфаќа материјали за состојбите на селските работни задруги, сеидбените планови и активности, откупи на земјоделски производи и друго.

Архивската граѓа содржи и записници и материјали од состаноци на основните партиски организации при Обласниот комитет на КПМ - Штип.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***362. (302) ОКРУЖЕН КОМИТЕТ НА КПМ - ШТИП (1945-1946); 1945-1946: кн. 1, кут. 5; 0,52. АИ а.е. 437, листови 1631, НИС 60 стр***

*Историјат на фондообразувателот:*

Со цел за побрзо оспособување на партиската организација за решавање на сложените задачи кои претстоеле, во јануари 1945 година, ЦК на КПМ носи одлука за расформирање на постојните Обласни комитети на КПМ, а место

нив да се формираат Окружни комитети на КПМ. Меѓу осумте ново формирани Окружни комитети на КПМ формиран е и Окружниот комитет на КПМ Штип. На 30 и 31 јули 1945 година одржана е Првата партиска окружна конференција кога е избран составот на новиот Окружен комитет. Под раководство на Окружен комитет на КПМ Штип потпаѓаат Околиските комитети на КПМ: Струмица, Берово, Делчево (Царево Село), Штип, Кратово, Радовиш и Кочани и Месните комитети на КПМ Штип и Струмица.

Организационата поставеност на Окружниот комитет на КПМ - Штип е следна: Одделение за агитација и пропаганда, Организационо-инструкторско одделение и Кадрово одделение.

Со донесување на новиот Закон за територијална поделба на Македонија од 1946 година, наметната е потребата од реорганизација на партиската мрежа. На 17 октомври 1946 година со решение на ЦК на КПМ се укинуваат Окружните комитети и на нивно место се формираат градски и околиски комитети на КПМ.

*Содржински податоци на архивската граѓа:*

Записници од Првата Окружна конференција, состаноци на Окружниот комитет и на Пленумот, состаноци со секретарите на комитетите, состаноци на активот на Окружниот комитет и со одделенијата при Окружниот комитет; извештаи за работата на Окружниот комитет, политичката состојба, организационата состојба, работата на народните одбори, откупот на земјоделски производи, ВМРО-вските елементи, пребегување во Бугарија и разни дезинформации кои се ширеле, спроведување на аграрната реформа, пролетната сеидба, откупите, обнова и изградба на земјата, стопански прашања, изборната кампања и друго.

Во фондот се среќаваат шеми за состав на Окружниот комитет на КПМ и состав на Окружниот комитет на СКОЈ - Штип, за составот на партиската организација на Штипскиот округ - национален и социјален состав, состојбата на партиската организација и членовите на КПМ. Се среќаваат податоци за внатрешно-политичките прашања на организацијата; регрутирање на воени обврзници и мобилизација; организационо-политички прашања; внатрешно-партиски прашања; стопански мерки на органите на власта; материјали во врска со изборите; контрареволуционерните сили; социјално-здравствени прашања и др.

Во Кадрово одделение при Окружниот комитет на КПМ се среќаваат податоци за партиските кадри - именување и нивни карактеристики; избирање на делегати за разни конференции и активности; школување на партиските кадри во земјата и странство; податоци за пополнување формулари за носителите на „Партизанска споменица 1941“; одликувања; податоци за осудувани и затворани лица и друго.

Се среќаваат извештаи за работата на Одделението за агитација и пропаганда; планови за работа на агит-проп; идејно-политичкото издигнување на основните партиски единици и партиските комитети; работата на Културно - просветниот сектор, Секторот за синдикати, Секторот за кооперации и Секторот за АФЖ.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *193. ОКОЛИСКИ КОМИТЕТ НА КПМ - ШТИП (1944-1952); 1944-1952: кн. 6, кут. 33; 3,42. АИ а.е. 4557, листови 12426, НИС 553 стр.*

*Историјат на фондообразувателот:*

Околиски комитет на КПМ - Штип во периодот од 1944 до 1952 година ги извршува задачите кои произлегувале од Програмата и Статутот на КПЈ, од работата на ЦК КПЈ и КПМ и другите органи на партијата. Како идејно-политичко раководство задачите на Околиски комитет зависеле од политичката ситуација во одредениот временски период, од организационата способност на партијата и од способноста на раководствата кои својата работа ја приспособувале во дадените услови. Со стекнатото искуство во НОВ веднаш по ослободувањето пред Околискиот комитет на КПМ се поставиле нови и тешки задачи за зацврстување и заздравување на сите народноослободителни одбори преку демократски избори, изградба и обнова на земјата и зголемување на бројот на партиското членство.

Организационата поставеност на Околиски комитет на КПМ е:

- Партиска конференција;
- Пленум;
- Биро;
- Организационо - инструкторско одделение;
- Кадрово одделение;
- Одделение за агитација и пропаганда;
- Комисија за село;
- Финансово одделение и
- Комисија за извоз.

Партиската конференција, како највисоко тело на Околиски комитет на КПМ - Штип, се одржувала еднаш во две години, а вонредно се свикувала по одлука на Комитетот.

Првата Околиска партиска конференција на КПМ - Штип е одржана на 16 јули 1945 година на која е избран нов Околиски комитет на КПМ.

Според Статутот на КП пленарните состаноци се свикувале на три месеци, но во Околискиот комитет на КПМ - Штип Пленумот се свикувал според потребите и до три пати месечно.

Бирото е извршен орган на Пленумот и ги реализира заклучоците донесени на Пленумот и прашањата од политички карактер, организационото зацврстување на ОПО, идеолошко-воспитната работа, културно-просветната работа, стопанските прашања и подобрување на методите на раководење на територијата на Околијата.

Организационо-инструкторското одделение во почетокот функционирало само преку своите инструктори кои биле испраќани на терен за следење на организационата работа. Како одделение се формирало во април 1949 година составен од секретар и 5 членови.

Кадровото одделение при Околиски комитет на КПМ Штип се формира во април 1949 година, но поради немање на кадар својата работа ја започнува при крајот на 1949 година, а својата работа ја прекинува во 1950 година со спроведувањето на директивното писмо на ЦК КПЈ за децентрализација.

Одделението за агитација и пропаганда од 1945 до 1946 година целокупната агитационо-политичка и пропагандна работа ја извршува преку испраќање на активисти-агитатори по селата од градот. За спроведување на

систематска агитационо-пропагандна работа во Околијата на 21 декември 1946 година при Околискиот комитет на КПМ Штип се формирало Одделение за агитација и пропаганда составено од три члена и три сектори: Агитација и печат, Културно-просветен сектор и Организационо-технички сектор, а својот организационен живот го започнува во јули 1948 година кога кадровски е екипиран. Бројот на членовите се зголемил на 5 члена со пет сектори за работа. Било формирано Одделение за агитација и печат при ОНФ кое се раководело од член на Извршниот одбор на НФ. По селата се формирале активи за агитација и печат. Со писмото за децентрализација на ЦК КПЈ Одделението за агитација и пропаганда се укинува во 1950 година, а се формирала Комисија за агитација и пропаганда од седум члена.

Комисијата за село работи во периодот од април 1949 до 1950 година. Во нејзиниот состав влегувале претседател, секретар и три члена. При Комисијата за село биле формирани шест активи раководени од членови на Комисијата за село.

Финансовото одделение се грижело за финансиското работење на Околискиот комитет од 1949 година.

Комисијата за извоз била формирана во февруари 1950 година и во нејзиниот состав влегувале пет члена.

Со новата административна поделба од 1952 година Околиските комитети на КП ја прекинуваат својата работа и со формирањето на општините се формираат Општинските комитети на СКМ.

*(Историјатот се однесува за сите Околиски комитети на КПМ)*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записници од конференции, состаноци на Пленумот, Бирото и Околискиот комитет на КП, партиски советувања, состаноци со секретарите на келиите и ОПО, состаноци со активот; извештаи од работата на Околискиот комитет во кој се среќаваат податоци за економско-политичката положба, организационите промени, работата на СКОЈ, Народната власт, Народниот фронт, АФЖ, Синдикатот, бегалците од Егејска Македонија, формирање на разни комисии и др.,; шеми на околиската организација, на месните ќелии, националниот и социјалниот состав на членството; известувања за исклучени и казнети членови, бројот на неписмени во Околијата, професионалниот кадар; планови за работата на Комитетот, аналфабетската кампања, идејно-политичка работа; предлози за реорганизирање на МНО.

Во архивската граѓа се среќаваат материјали од темите: стопански мерки на органите на власта; аграрна реформа и колонизација; регрутирање на воени обврзници; избори; информбирото; образование и школување на кадри; одликувања; партиските школи и курсеви.

Фондот содржи материјали од основни организации на КП од градот и селата и организации на претпријатија и установи и досиеја на членовите на КП.

*(Содржинските податоци се однесуваат за сите Околиски комитети на КП)*

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

**194. МЕСНИ КОМИТЕТ НА КПМ - ШТИП (1945-1948); 1945-1948: кут. 2; 0,2. АИ а.е. 233, листови 530, НИС 42 стр.**

*Историјат на фондообразователот:*

Месниот комитет на КПМ - Штип е основан на Првата месна конференција, одржана на 6 јули 1945 година на која присуствувале членови на Окружниот комитет на КПМ - Штип, Околискиот комитет на КПМ - Штип и 40 членови на партија како делегати.

Организационата структура на Месниот комитет на КПМ - Штип е: Месна конференција, Местен комитет, Пленум и Биро. Своите програмски задачи и определби ги извршува преку Организационо-инструкторското одделение и Кадровото одделение, а со агитацијата и пропагандата раководи Комисијата за Агит-проп при Окружен комитет на КПМ - Штип. По потреба биле формирани и сектори.

Месниот комитет на КПМ - Штип е под територијална и организациона поставеност на Окружниот комитет на КПМ - Штип.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записник од одржаната Месна конференција и записници од состаноци на Месниот комитет и Бирото; извештаи за работата на Месниот комитет, одделенијата и партиските ќелии, реорганизацијата на месниот комитет и разделување на секторите, одржани теоретски и организациони состаноци, одржани партиски советувања, работата на СКОЈ, АФЖ и НФ, политичко - економската состојба, аграрната реформа, пролетната сеидба, работата на Комисијата за воена добивка, исхрана на населението, одржување на разни натпревари, раздвижување на ВМРО-вски елементи, сместување на бегалците од Егејска Македонија, изборите и др.; разни известувања; списоци на членови на КП, исклучени и казнети членови на КП, пријавени членови за школување во разни стручни и партиски школи; шеми за националниот и социјалниот состав на МК, организационата и кадровата структура со национален и социјален состав; прегледи за составот и состојбата на членовите и кандидатите на КП; предлози за реорганизација на штипската партиска организација, дополнување на МК на СКОЈ и агитпропската комисија.

Во архивската граѓа се среќаваат материјали од темите: стопански мерки на органите на власта, образование и школување на кадри, резолуции по ИБ, партиски кадрови и кадрови на органите на власта и на претпријатија и установи во Штип и вечерни партиски курсеви.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

**195. ГРАДСКИ КОМИТЕТ НА КПМ - ШТИП (1948-1953); 1948-1953: кн. 2, кут. 14; 1,8. АИ а.е. 3159, листови 5951, НИС 602 стр.**

*Историјат на фондообразователот:*

Градскиот комитет на КПМ - Штип е основан на Првата градска конференција на КПМ Штип, одржана на 7 ноември 1948 година.

Организационата структура на Градскиот комитет на КПМ - Штип е: Градска конференција, Градски комитет, Надзорен одбор, Пленум и Биро.

Своите програмски задачи и определби ги извршува преку Организационо-инструкторското одделение, Кадровото одделение, Одделението за агитација и пропаганда и Финансиското одделение.

Градскиот комитет на КПМ - Штип е под територијална и организациона поставеност на Околиски комитет на КПМ - Штип.

*Содржински йодаїоци за архивскаїа ѓраѓа:*

Материјали од одржани Градски партиски конференции во 1948, 1949, 1951 и 1952 година; записници од состаноци на Пленумот, Бирото, Градскиот комитет на КП, состаноци со секретарите на основните партиски организации и состаноци со активот.

Во архивската граѓа на фондот се среќаваат материјали од организационо-политичката работа на ГК, идејно-воспитната работа, работата со масовите организации, стопанските мерки и активности, спроведување на партиските програмски задачи, образованието и школувањето на кадарот и населението и др.

Во фондот се среќаваат и материјали од Основните партиски организации на КП на органите на власта, установи и претпријатија и селски основни организации кои во тој период гравитираат кон градот Штип и досиеја на членови на КП.

*Архивскаїа ѓраѓа е на македонски јазик.*

***198. ОКОЛИСКИ ОДБОР НА ССРНМ - ШТИП (1955-1965); 1955-1965: кн. 1, куї. 6; 0,62. АИ а.е. 681, лисїови 3887, НИС 140 сїр.***

*Исїоријаї на фондообразоваїелоїі:*

Околиски одбор на ССРНМ - Штип е општествено-политичка организација која ги организира основните социјалистички сили за решавање на сложените општествено-политички проблеми во Штипска околија.

Првата Околиска изборна конференција е одржана на 31 јули 1955 година кога е избран новиот Околиски одбор на ССРНМ за Штипска околија во чиј состав влегуваат 59 членови и Надзорен одбор од 9 членови, а на 28 јануари 1965 година одржана е завршната Околиска конференција. Одлуката за престанок со работа на Околискиот одбор на ССРНМ - Штип е донесена на 1 март 1965 година.

Организационата поставеност на Околиски одбор на ССРНМ е следната: Пленум, Претседателство, Секретаријат (од 1960 година - Извршен одбор) и постојани и повремени комисии.

На 23 декември 1955 година формирани се комисиите: Комисија за идеолошко-просветна работа, Комисија за жени и Комисија за општествени организации, а на 12 октомври 1956 година формирана е Комисија за општествено управување. Комисијата за организациони прашања и Комисијата за здравствено просветување се формирани на 12 декември 1958 година.

Организационата поставеност во однос на комисиите се менува. На 25 декември 1960 година на седницата на Извршниот одбор се формирани следните девет комисии: Комисија за политичка и идејно-воспитна работа, Комисија за општествено управување, Комисија за општествена активност на

жените, Комисија за организациони прашања, Комисија за соработка со општествените организации, Комисија за кадрови, Комисија за проблеми на ерозија и пошумување, Комисија за здравствено просветување и Комисија за предлози и претставки.

Освен овие комисии, според потребите, биле формирани и привремени комисии за спроведување на изборите, граничните средби, статутарните промени, прославување на меѓународни и државни празници, јубилеи и друго.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записници од состаноци на телата на Околиски одбор на ССРНМ - Штип и архивска граѓа од работата на комисиите. Се среќаваат материјали за спроведување на комуналното уредување, здравствената состојба и комуналната хигиена, културно-просветната дејност, идеолошко-политичката работа, унапредување на стопанството, спроведување и разгледување на материјали од организацијата на ССРН, воспитување на младината, организациони прашања во Околијата, спроведување на изборите за народни одборници и народни пратеници и други задачи кои произлегуваат од настанатите развојни, материјални и општествени процеси и проблеми, како од развојот на социјалистичката заедница, така и од специфичните услови и потреби на Околијата.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***201. ОКОЛИСКИ СИНДИКАЛЕН СОВЕТ - ШТИП (1952-1965); 1955-1965: кн. 6, кут. 3; 0,42. АИ а.е. 340, листови 1717, НИС 84 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Материјали од Годишни собранија; записници од пленарни состаноци, состаноци на Претседателството, состаноци со секретаријатот, состаноци на Околискиот синдикален совет, Надзорниот одбор, состаноци со претседателите и секретарите на Општинските синдикални совети и записничка книга од состаноци на телата и органите на Околискиот синдикален совет - Штип.

Извештаи и информација од Надзорниот одбор за финансиско-материјалното работење на Околискиот синдикален совет и буџети.

Материјалите од Организационо-кадровата комисија се однесуваат за одржани состаноци на Комисијата; програми за работата; планови за работа на Советот, одржување на годишни собранија и одржување на изборни конференции во ОЗТ; извештаи за бројната состојба на вработените, работата на ОСС, организационо-кадровските проблеми; статистички извештаи; информации за предизборните и изборните активности во околијата; анализи за организационата работа на синдикалната организација; прегледи за составот на Околиски синдикален совет, националниот и социјалниот состав на членството, образование на членството, комисиите кои работат при ОСС, за формираните општински струкови синдикати и списоци.

Комисијата за самоуправување располага со записник од одржан состанок; информации; анализа и план.

Комисијата за работни односи и ХТЗ содржи записник, информации за донесување и спроведување на самоуправните акти во организациите.

Записници од состаноци на Комисијата за стопанство и распределба; информации во врска со донесување на тарифни правилници, примената на новите економски мерки, минималните лични доходи, станбената реформа, движењето на цените на индустриски и земјоделски производи; анализа за стопанскиот криминал во Штипска околија и др.

Комисијата за стандард, одмор и рекреација располага со материјали за организирање на рекреацијата и одморот на работниците. Во состав на комисијата влегува Одборот за спроведување на работничките спортски игри.

Во Комисијата за образование, култура и идејни проблеми има записници од состаноци; програми за разни прослави на годишнини и државни празници, информации за одржани семинари со членството, состојбите во училиштата, работата на фабричките центри, стручно образование на работниците, образование на возрасните на подрачјето на Штипска околија, актуелни прашања од културно-забавниот живот на работниците; извештаи; анализи и др.

Во архивската граѓа има материјали за избори на народни одборници и народни пратеници.

*Архивскаша ѓраѓа е на македонски јазик.*

***376. (305) ГРАДСКИ КОМИТЕТ НА НАРОДНА МЛАДИНА - ШТИП (1949-1959); 1949-1959: кн. 1, куш. 1; 0,12. АИ а.е. 38, лисшови 86, НИС 11 сшр.***

## ПОЛИТИЧКИ И ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ДРУШТВА И ЗДРУЖЕНИЈА

***363. (405) ОПШТИНСКИ КОМИТЕТ НА СКМ - КОЧАНИ (1955-1990); 1955-1990: кн. 17, куш. 81; 8,44. АИ а.е. 11997, лисшови 58596, НИС 501 сшр.***

*Исшоријаш на фондообразовашелош:*

На Шестиот Конгрес на КПЈ, одржан од 2-7 ноември 1952 година, Партијата го добива новиот назив Сојуз на комунисти на Југославија. Истата промена е настаната и во КПМ и го добива називот Сојуз на комунисти на Македонија.

По извршената нова територијална поделба на НР Македонија во јуни 1955 година, настануваат измени и во организационата поставеност на Околиските комитети на СКМ. Со формирањето на Околиски комитет на СКМ на Штипска околија 1955 година, Општинските комитети на СКМ на општините: Виница, Делчево, Кочани, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе и Штип територијално припаѓаат на Штипска околија и до 1965 година остануваат под нејзина надлежност.

Општинските комитети на СКМ се конституираат во месец јули 1955 година и како единствена идејно-политичка организација престануваат да функционираат со воведувањето на повеќепартискиот систем во Република Македонија во 1990 година.

Општинските комитети ги извршуваат задачите кои произлегувале од статутот и програмите СК, донесени на конгресите како највисоки тела на партијатата, од работата на ЦК СКЈ и ЦК СКМ и другите органи и тела на партијата. Основната задача на општинските комитети на СКМ е да им дава стручна помош на основните организации на СК и да ја развива идејно-воспитната работа меѓу населението. Ги решава суштествените прашања во општините: стопански проблеми, системот на наградување, идејно-политички активности, идејно и организациони проблеми за изградба на СК, кадровската политика на СК, разни негативни појави и деформации во стопанскиот и политичкиот живот и друго.

Највисок орган на Општинскиот комитет е Општинската конференција која се свикувала најмалку еднаш во две години, а по потреба се свикувале и вонредни конференции.

Општинските комитети на СКМ работеле колективно и решенијата ги донесувале на седници на Општинскиот комитет, Општинската конференција на СКМ и Претседателството на СК кои работеле и решавале во различен период во зависност од промените во начинот и формите на организирање на комунистите во општинските организации на СКМ.

Својата активност и задачите кои произлегувале од седниците партиската организација на општините ги решава и извршува преку Организациониот секретаријат и своите комисии.

*(Историјатот се однесува за сите Општински комитети)*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Седнична граѓа од одржани Општински изборни конференции и седници на Општински комитет на СКМ, Комитетот на Општинската конференција на СК, Општинската конференција на СК, Претседателството и комисиите.

Материјали од комисиите кои ги разгледуваат прашањата од организацијата и развојот на партиската организација во општината, кадровата политика, идејно-политичкото оспособување и марксистичко образование на кадрите, општествено-економските и самоуправни односи, разгледување на молби и претставки и прашањата од општонародната одбрана и општествената самозаштита.

Материјали од основните партиски организации на претпријатија, установи и села при општината и досиеја на партиски членови.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***364. (406) ОПШТИНСКИ КОМИТЕТ НА СКМ - ПРОБИШТИП (1955-1991);***
***1955-1991: кн. 6, кут. 10; 0,22. АИ а.е. 1177, листови 5439, НИС 200 стр.***

***367. (407) ОПШТИНСКИ КОМИТЕТ НА СКМ - СВ. НИКОЛЕ (1955-1991);***
***1955-1986: кут. 6; 0,6. АИ а.е. 728, листови 3945, НИС 106 стр.***

***368. (408) ОПШТИНСКИ КОМИТЕТ НА СКМ - ШТИП (1955-1990);***
***1955-1989: кн. 2, кут. 56; 5,64. АИ а.е. 6223, листови 37882, НИС 548 стр.***

***369. (409) ОПШТИНСКА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ССРНМ - КОЧАНИ (1955-1990); 1955-1990: кн. 3, куш. 18; 1,86. АИ а.е. 2287, лисшови 13498, НИС 398 сшр.***

*Историјаш на фондообразовашелош:*

Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на општина Кочани (израснат од Народниот фронт на Југославија во Македонија), како основа на организацијата на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија и Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, организиран на територијален принцип, е доброволен демократски сојуз на работните луѓе и граѓаните, најширок облик на нивното општествено-политичко организирање и активност и најширока политичка основа на системот на самоуправувањето во општината.

Социјалистичкиот сојуз во општината, како самостојна општествено-политичка организација е политички инструмент на работните луѓе и граѓаните и облик на поврзување и здржување на носителите на непосредната социјалистичка демократија во општината, за постигнување на што побрз и поусогласен развој на општеството во услови на самоуправување.

Организацијата на Социјалистичкиот сојуз во општината се раководи од основите и принципите содржани во Статутот на ССРНЈ и ССРНМ и соработува со сите општествено-политички организации и здруженија на граѓаните и самоуправните механизми прифаќајќи ги нивните иницијативи.

Организациона поставеност на Општинската конференција на ССРНМ:

Највисок орган на организацијата на ССРН и месните организации се конференциите кои имаат општи насочувачки функции, избираат претседател, потпретседател и секретар и свои политичко-извршни органи, се конституираат врз делегатски, територијален, работен и интересно функционален принцип со делегати избрани непосредно од подружниците и месните заедници-организации на Социјалистичкиот сојуз и останатите социјалистички сили, организации на здружен труд и СИЗ.

Општинската конференција избира:

а) политичко - извршни органи:

Извршен одбор, подоцна Претседателство, како колективен, политичко - извршен и оперативен орган на Општинската конференција;

б) надзорни органи:

Надзорен одбор - орган за контрола на материјално - финансиското работење;

в) извршни органи:

претседател, потпретседател и секретар на Конференцијата;

г) посебни облици на дејствување:

Конференција за општествена активност на жените, Општински одбор на месните заедници , комисии, координациони одбори, секции и совети.

Општинската конференција на ССРНМ - Кочани дејствува, работи и ја насочува својата активност од 17 јули 1955 година, кога е одржана Првата изборна конференција, па се до нејзината преобразба во Социјалистичка партија на Македонија во 1990 година.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Седнична граѓа од одржани изборни конференции и седници на секретаријатот, Пленумот, Извршниот одбор, Претседателството, Општинската конференција, одржани советување, седници со општествено-политичките организации и седници на Надзорниот одбор.

Материјали од постојаните помошни тела на Општинската конференција: комисии, секции и координациони одбори. Архивска граѓа од работата на посебните облици на дејствување - КОАЖ, Општинскиот одбор на месните заедници и Советот за заштита и унапредување на човековата животна средина.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***373. (413) ОПШТИНСКИ СОВЕТ НА ССМ - СВ. НИКОЛЕ (1965-1990); 1965-1990: кут. 7; 0,7. АИ а.е. 790, листови 4515, НИС 148 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Седнична граѓа од одржани Собранија и седници на Советот, Општинската конференција, Претседателството и комисиите. Постои архивска граѓа од работата на Општинскиот одбор на Синдикатот на работниците од општествените дејности и Општинскиот одбор на Синдикатот на работниците од услужните дејности.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***374. (414) ОПШТИНСКИ СОВЕТ НА СОЈУЗОТ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА - ШТИП (1955-1990); 1955/1990: кн. 4, кут. 7; 0,74. АИ а.е. 715, листови 4569, НИС 140 стр.***

*Историјат на фондообразувателот:*

Сојузот на синдикатите на општина Штип е составен дел на Сојузот на синдикатите на Македонија и заедно со организациите на другите општини активно и одговорно учествува во изградувањето и остварувањето на политиката и ставовите на Сојузот на синдикатите на Македонија.

Организацијата на синдикатите на општина Штип во остварувањето и развивањето на својата општествена улога поаѓа од Програмата на синдикатите на Југославија и конгресните документи и врз таа основа донесува сопствена програма.

Сојузот на синдикатите на општина Штип е единствена и најширока класно општествено-политичка организација на работниците и работничката класа. Во Сојузот на синдикатите на Општината се изразуваат и усогласуваат поединечните и посебните интереси на работниците со заедничките и општите интереси на работничката класа во целост. На овој начин Сојузот на синдикатите го зацврстува политичкото и социјалното единство на работничката класа, придонесува за остварување на социјалистичките

самоуправни односи и самоуправните и други права на работниците во сите области на трудот.

Организациона поставеност на Општински совет на Сојузот на синдикатите:

- Собрание;
- Совет;
- Надзорен одбор.

Собранието е највисок форум на Организацијата на синдикатите на општина Штип, составена од делегати, непосредно избрани во основните организации на синдикатот (синдикални подружници).

Првото Собрание Општинскиот совет на ССМ - Штип го одржува на 22 јули 1955 година кога е избран новиот Општински синдикален совет на општина Штип.

Советот на синдикатите на општина Штип има својство на правно лице и е највисок орган кој дејствува меѓу две Собранија. Советот од својот состав избира Претседателство како извршен орган.

Претседателството на Советот е колективен извршен орган на Советот и работи врз основа на Акциона програма на синдикатите на општина Штип и Оперативната програма на Советот, тековните задачи и овластувања доверени од Советот.

Претседателството за извршување на работите од својата надлежност формира постојани и повремени комисии и други помошни тела. Комисиите при Претседателството на Општинскиот совет ги изучуваат и следат активностите и движењата на општествено-политичкиот систем и самоуправниот развој.

Во фондот се среќава архивска граѓа од следните комисии:

1. Комисија за организација, развој и кадровски прашања;
2. Комисија за општествено-економски односи;
3. Комисија за здравствено просветување на жената работничка;
4. Комисија за образование, наука и култура;
5. Комисија за одмор и рекреација и работнички спортски игри;
6. Комисија за работни односи и заштита на самоуправните права на работниците;
7. Комисија за животни и работни услови;
8. Комисија за општонародна одбрана и општествена самозаштита.

Во текот на своето работење Претседателството има формирано и други комисии, но од нив не се среќава архивска граѓа во фондот.

Општинскиот совет на Сојузот на синдикатите на општина Штип ја продолжува својата програмска определеност и во повеќепартискиот систем.

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Фондот содржи седнична граѓа од седници на Собранија, Општински конференции, Претседателството, Општинскиот совет и Секретаријатот, од одржани советувања, седници со општествено-политичките организации и материјали (извештаи, програми, информации, предлози, анализи идр.) од работата на комисиите на Претседателството.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

## В. ЗБИРКИ

***417. (336) МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ, ВЕНЧАНИ И УМРЕНИ - БЕРОВО (1900-1966); 1900-1966: кн. 112; 2,24. листови 6176, НИС 121 стр.***

***418. (337) МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ, ВЕНЧАНИ И УМРЕНИ - ВИНИЦА (1914-1964); 1914-1964: кн. 159; 3,18. листови 9305, НИС 169 стр.***

***419. (338) МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ, ВЕНЧАНИ И УМРЕНИ - ДЕЛЧЕВО (1916-1966); 1914-1966: кн. 243; 4,86. листови 12319, НИС 259 стр.***

***420. (339) МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ, ВЕНЧАНИ И УМРЕНИ - КОЧАНИ (1914-1966); 1914-1966: кн. 338; 6,76. листови 15991, НИС 339 стр.***

***421. (340) МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ, ВЕНЧАНИ И УМРЕНИ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО (1900-1956); 1900-1956: кн. 115; 2,3. листови 3876, НИС 123 стр.***

***422. (341) МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ, ВЕНЧАНИ И УМРЕНИ - ПРОБИШТИП (1916-1963); 1916-1963: кн. 210; 4,2. листови 7575, НИС 227 стр.***

***423. (342) МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ, ВЕНЧАНИ И УМРЕНИ - РАДОВИШ (1875-1968); 1875-1968: кн. 197; 3,94. листови 8682, НИС 220 стр.***

***424. (343) МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ, ВЕНЧАНИ И УМРЕНИ - СВ. НИКОЛЕ (1916-1956); 1916-1956: кн. 201; 4,02. листови 11224, НИС 229 стр.***

***425. (344) МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ, ВЕНЧАНИ И УМРЕНИ - ШТИП (1869-1956); 1869-1956: кн. 294; 5,88. листови 19824, НИС 296 стр.***

*Архивската граѓа е на бугарски, српски и на македонски јазик.*

# П Р Е Г Л Е Д
# НА АРХИВСКИТЕ ФОНДОВИ И ЗВИРКИ ВО ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ОДДЕЛЕНИЕ ШТИП 1993 - 2005 ГОДИНА

## А. АРХИВСКИ ФОНДОВИ НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ, УСТАНОВИ, ЗДРУЖЕНИЈА, ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

### 1. УПРАВА И ЈАВНИ СЛУЖБИ

### 1.5. АРХИВСКИ ФОНДОВИ ОД 1944 г.

### НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНИ ОРГАНИ

***426. (427) ОПШТИНСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - БЛАТЕЦ (1944-1945); 1944-1945: куӣ. 1; 0,1. АИ а.е. 77, лисӣови 152, НИС 10 сӣр.***

*Содржински ӣодаӣоци за архивскаӣа ӷраѓа:*

Извештаи за работата на народноослободителниот одбор, известувања за потребите од земјоделски инвентар, револтот на населението поради зголемувањето на давачките во корист на „погорелците“, предавање на оружјето на демобилизираните лица, дека во блатечка општина нема стрелани и заклани луѓе од фашистите и за бројот на училишта и ученици; наредба од командите на корпусите за собирање на воздухопловниот експлозивен материјал; списоци на одборници на Општинскиот НОО Блатец, бројот на жители во село Блатец, фамилии од кои имаат убиено членови - партизани, инвалиди - партизани, бедни фамилии кои имаат учесници во НОВ и кои имаат поднесено барања за помош, борци од село Блатец со податоци во кој род служеле, индустриски претпријатија и оризови фабрики во приватна сопственост; барања за мобилизација, поправка на патишта и мостови разрушени од окупаторот, обезбедување на поголема количина на храна за потребите на војската и на непроизводното население.

*Архивскаӣа ӷраѓа е на македонски јазик.*

***427. (428) ОПШТИНСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - КОЧАНИ (1944-1945); 1944-1945: куӣ. 1; 0,1. АИ а.е. 14, лисӣови 22, НИС 5 сӣр.***

*Содржински ӣодаӣоци за архивскаӣа ӷраѓа:*

Сведение за бројот на населението и домаќинствата во општина Кочани; известување за бројот на индустриските претпријатија во општината и нивниот капацитет; објави за пријавување на државните коњи и запрежни возила,

повикување на сите граѓани кои дале производи за војската да се пријават во Командата на местото за исплата; заповед за празнување на денот на Црвената армија.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***428. (430) ОПШТИНСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - ТРООЛО (1944-1945); 1944-1945: кут. 1 0,1. АИ а.е. 35, листови 135, НИС 5 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записници од состаноци на Пленумот и Извршниот одбор на ОНОО; списоци на запрежни коли и запрежен добиток, мобилизирани лица, број на учениците во село Троoло во 1944 година, бројот на деца сираци, полусираци и социјално незгрижени по пол од село Трооло во 1944 година, чиновници, број на куќите и населението, бројот на изгорени куќи во општината и селата изгорени од окупаторот; анкетни формулари за утврдување на штетата од војната во селата; соопштенија за формирање фондови за исхрана во селата, доброволно собирање на храна во селата и слично.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***429. (429) МЕСТЕН НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР - КОЧАНИ (1944-1945); 1944-1945: кут. 1; 0,1. АИ а.е. 34, листови 65, НИС 7 стр.***

## НАРОДНИ ОДБОРИ

***430. (441) НАРОДЕН ОДБОР НА ШТИПСКА ОКОЛИЈА - ШТИП (1955-1965);1955-1965: кн. 18, кут.109; 11,26. АИ а.е. 12077, листови 65183, НИС 1372 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записници од седници на постојаните и повремените комисии, записници од седници на Околискиот собор и Соборот на производителите, записници од состаноци на советите, фондовите и инспекциите, записници од Комисијата за национализација и Комисијата за полагање на ВКВ занаетчии, материјали од работата на секретаријатите и од работата на Заводот за школство, решенија од Комисијата за експропријација, Комисијата за аграрна реформа и колонизација и Комисијата за узурпација.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***431. (435) ГРАДСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ДЕЛЧЕВО 1951; 1951: кут. 1; 0,1. АИ а.е. 19, листови 41, НИС 11 стр.***

***432. (434) ГРАДСКИ НАРОДЕН ОДБОР - КОЧАНИ (1950-1951); 1950-1951: кн. 7, куш. 2; 0,34. АИ а.е. 326, лисшови 565, НИС 26 сшр.***

***433. (496) ГРАДСКИ НАРОДЕН ОДБОР - РАДОВИШ (1947-1952); 1947-1952: кн. 25, куш. 1; 0,6. АИ а.е. 49, лисшови 137, НИС 17 сшр.***

***434. (551) ГРАДСКИ НАРОДЕН ОДБОР - СВЕТИ НИКОЛЕ (1951-1952); 1951-1952: куш. 1; 0,1. АИ а.е. 43, лисшови 56, НИС 6 сшр.***

***435. (439) ГРАДСКИ НАРОДЕН ОДБОР - ШТИП ( 1945-1952); 1945-1952: кн. 60, куш. 10; 2,2. АИ а.е. 1069, лисшови 4082, НИС 184 сшр.***

***436. (498) НАРОДЕН ОДБОР НА ГРАДСКАТА ОПШТИНА - ДЕЛЧЕВО (1952-1955); 1952-1955: кн. 21, куш. 2; 0,62. АИ а.е. 124, лисшови 1067, НИС 25 сшр.***

***437. (500) НАРОДЕН ОДБОР НА ГРАДСКАТА ОПШТИНА - КОЧАНИ (1952-1955); 1952-1955: куш. 4; 0,4. АИ а.е. 480, лисшови 1459, НИС 58 сшр.***

***438. (547) ОПШТИНСКИ НАРОДЕН ОДБОР НА ГРАДСКА ОПШТИНА - ПРОБИШТИП ( 1952-1955); 1952-1955: кн. 12, куш. 2; 0,44. АИ а.е. 201, лисшови 1048, НИС 55 сшр.***

***439. (497) НАРОДЕН ОДБОР НА ГРАДСКАТА ОПШТИНА - РАДОВИШ (1952-1955); 1952-1955: кн. 26, куш. 2; 0,72. АИ а.е. 261, лисшови 765, НИС 36 сшр.***

***440. (552) НАРОДЕН ОДБОР НА ГРАДСКАТА ОПШТИНА - СВЕТИ НИКОЛЕ (1952-1955); 1952-1955: кн. 2, куш. 1; 0,14. АИ а.е. 134, лисшови 552, НИС 20 сшр.***

***441. (532) НАРОДЕН ОДБОР НА ГРАДСКАТА ОПШТИНА - ШТИП (1952-1955); 1952-1955: кн. 18, куш. 9; 1,26. АИ а.е. 947, лисшови 5471, НИС 103 сшр.***

## МЕСНИ НАРОДНИ ОДБОРИ

***442. (431) МЕСТЕН НАРОДЕН ОДБОР - ВИНИЦА (1945-1952); 1945-1955: кн. 45, куш. 2; 1,1. АИ а.е. 313, лисшови 655, НИС 14 сшр.***

*Исшоријаш на фондообразовашелош:*

Месните народни одбори се формирани во 1945 година врз основа на Уредбата за определување на бројот, територијалните подрачја и седиштата на

околиските и месните народни одбори, донесена од Министерскиот совет на Федерална Македонија на 21 ноември 1945 година („Службен весник на ФМ" бр. 24/45 год.). Со Уредбата се укинати општинските народни одбори, а на нивното место и на местото на поранешните НОО се формираат месни народни одбори. Месните народни одбори се реорганизираат во општински народни одбори врз основа на Законот за поделба на НРМ на околии, градови, градски општини и општини, Законот за спроведување на реорганизацијата на народните одбори и Законот за народните одбори на општините[1].

*(Историјатот се однесува за сите месни народни одбори)*

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записници и записнички книги од состаноци на Пленумот и на Извршниот одбор на Месниот народен одбор Виница; записници за одземена земја од бугарскиот окупатор и поделена на домаќинствата, бројот на разрушени куќи во текот на војната, социјално необезбедени лица, избор на оџа во џамијата во Виница; списоци на калфи и чираци од реонот на Месниот народен одбор, воени сираци, државни куќи доделени на колонисти, чиновници и бегалци од Егејска Македонија; сведенија за собрани количества на волна, произведен ориз и посеани површини со земјоделски култури; прегледи на домаќинства, куќи и население во МНО и на неписмени жители на територијата на МНО; наредба за формирање комисија за обнова на уништени матични книги; решенија за формирање комисии за разграничување на селата во реонот и сл.; решенија за градење на куќи во Виница.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

### *443. (433) МЕСТЕН НАРОДЕН ОДБОР - ДРАМЧЕ (1945-1951); 1945-1951: кн. 15, кут. 1; 0,4. АИ а.е. 91, листови 231, НИС 10 стр.*

*Содржински податоци на архивската граѓа:*

Записници од состаноци на Месниот народен одбор - с. Драмче; записници за избор на одборници, организирање на противпожарно друштво, формирање комисија за попис на добитокот; извештаи за работата на МНО, за состојбата со матичните книги, земјоделството, домаќинствата во МНО, добитокот во реонот, занаетчиството и вработени занаетчии; списоци на населението во село Драмче, незгрижени фамилии на лица во Извршниот одбор во МНО, службеници и одборници, одржани курсеви, неписмени жители од МНО, описменувањето, бројот на водениците, сопственици на крупен добиток, производители на афион, сварена ракија во домаќинствата, снабдувањето на населението, сеидбата и парцелационен список за експропријација на земја; прегледи на населението и куќите, откупните цени на земјоделските производи, приносите од жетвата, посеани површини, станбената изградба, социјалниот и националниот состав на населението, попис на земјоделските алати и машини во 1948 година и др.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

[1] „Службен весник на НРМ" бр. 13/52

***444. (582) МЕСТЕН НАРОДЕН ОДБОР - КОЧАНИ (1946-1949);***
***кут.1; 0,1. Несреден.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записници од седници на Извршниот одбор на МНО и седници на Месниот народен одбор; извештаи за работата на МНО, бројот на воденици и сеидбата; списоци на данокоплаќачите, штетите од окупаторот, бројот на осудувани лица, бројот на занаетчии, одборници, парцелационен список за лица кои добиле земја; план за помош на сиромашните; прегледи за бројот на населението, житните култури, орање на земјата и вршидбата; досиеја за наследство; уверенија за загинати лица во НОВ и решенија за присилна наплата на данок.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***445. (542) МЕСТЕН НАРОДЕН ОДБОР - ПРОБИШТИП (1946-1952);***
***1952-1953: кн. 16, кут 1; 0,42. АИ а.е. 119, листови 461, НИС 21 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

Записник од состанок на МНО - Пробиштип; извештаи за посеани површини; списоци на патишта, бројот на стоката во селата и бројот на тутунопроизводители и парцелационен список на месната аграрна комисија; решенија за оставнина на недвижен имот и соопштение за купување мелница од буџетот на МНО и др.

*Архивската граѓа е на македонски јазик.*

***446. (432) МЕСТЕН НАРОДЕН ОДБОР - ТРАБОТИВИШТЕ***
***(1946-1949); 1946-1949: кн. 5, кут. 1; 0,2. АИ а.е. 52, листови 115,***
***НИС 6 стр.***

*Содржински податоци за архивската граѓа:*

